**Акционерско друштво за производство на сопирачка опрема**
**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**

***ул. Перо Наков бр. 124, 1000 Скопје, Р.Северна Македонија***

Врз основа на Решението од Комисијата за хартии од вредност број УП 1 10-16 од 29.05.2025 година и Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за производство на сопирачка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје со II-ра (втора) емисија на обични акции број 02-472/1 од 05.08.2024 година

О Б Ј А В У В А

# П Р О С П Е К Т

## *За зголемување на основната главнина на*

## *ВАБТЕК МЗТ АД Скопје*

## *по пат на јавна понуда – II-ра (втора) емисија*

"Комисијата за хартии од вредност не одговара за вистинитоста и потполноста на податоците наведени во Проспектот за запишување и уплата на хартии од вредност, ниту за способноста на издавачот на хартиите од вредност да ги исполни обврските од хартиите од вредност кои ги издава."

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

## СОДРЖИНА:


1. ОДГОВОРНИ ЛИЦА 3

2. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИОТ УЧЕСНИК НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОЈ ГО ИЗГОТВИЛ ПРОСПЕКТОТ 4.

3. ПОДАТОЦИ ЗА РЕВИЗОРИТЕ 4

4. ФАКТОРИ НА РИЗИК 4

5. ПОДАТОЦИ НА ДРУШТВОТО 7.

6. ДЕЛОВЕН ПРЕГЛЕД 9.

7. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА 14.

8. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА 15.

9. ПРЕГЛЕД НА ОПЕРАТИВНОТО И ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ 16.

10. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА 21.

11. ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ, ПАТЕНТИ И ЛИЦЕНЦИ 26.

12. ТРЕНДОВИ 26.

13. ПРОГНОЗИРАЊЕ НА ПРОФИТОТ 26.

14. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО 26.

15. ВРАБОТЕНИ 35.

16. ГОЛЕМИ АКЦИОНЕРИ 36.

17. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СТРАНИ 36.

18. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ 41.

19. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ 43.

20. ДОГОВОРИ ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО 48.

21. ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ТРЕТИ ЛИЦА И ИЗВЕШТАИ ОД ЕКСПЕРТИ И ИЗЈАВА ЗА БИЛО КАКОВ ИНТЕРЕС 48.

22. УЧЕСТВО ВО ДРУГИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА 48.

23. ПОДАТОЦИ ЗА ПОНУДАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ 49.

24. РОКОВИ И УСЛОВИ НА ПОНУДАТА 53.

25. ПРИЕМ НА КОТАЦИЈА 59.




ЖАБТЕК МЗТ АД Скопје
Полномошник
Мишев

Адвокатско друштво
ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ
Скопје

26. ПОДАТОЦИ ЗА ГАРАНТОТ 59.

27. ДОКУМЕНТИ НА РАСПОЛАГАЊЕ 59.



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво
ПАПАЗОСКИ МИШЕВ
Скопје

## 1. ОДГОВОРНИ ЛИЦА

**1.1. Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во Проспектот, вклучувајќи ги и лицата одговорни за изготвување на одредени делови од проспектот со назначување на делот за кој се одговорни. Во случај на физички лица вклучувајќи ги и лицата кои се членови на одборот на директори или управниот и надзорниот одбор на друштвото, потребно е да се наведе името и презимето и функцијата која ја вршат. Во случај на правни лица потребно е да се наведе називот и седиштетото на правното лице.**

**Одбор на директори на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**

- Паоло Босио – Генерален директор и Извршен член на Одбор на директори

**Лице одговорно за изготвување на правните податоци во врска со Проспектот:**

- Паоло Босио – Генерален директор и Извршен член на Одбор на директори

**Лице одговорно за изготвување на финансиските податоци во врска со Проспектот:**

- Паоло Босио – Генерален директор и Извршен член на Одбор на директори

**1.2. Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот (од членовите на управниот и надзорниот одбор односно одборот на директори, како и од лицата кои изготвиле одредени делови на проспектот - соодветно на делот кој го изготвиле) со следната содржина:**

*"Според нашите уверувања и сознанија и согласно со податоците со кои располагаме, под морална, материјална и кривична одговрност изјавуваме дека во Проспектот се содржани сите податоци кои му се потребни на инвеститорот да донесе правилна одлука за инвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на оваа понуда, дека објавените податоци се вистинити и се во согласност со фактичката состојба на друштвото и дека не се испуштени било какви податоци кои би можеле да имаат влијание на одлуката за инвестирање или неинвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на понудата"*

За Паоло Босио – Генерален директор
и Извршен член на Одбор на директори, Полномошник Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

______________________________

За Паоло Босио – Генерален директор и Извршен член на Одбор на директори - лице одговорно за правните податоци во врска со Проспектот, Полномошник Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

______________________________



**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мишев**

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

За Паоло Босио – Генерален директор и Извршен член на Одбор на директори - лице одговорно за финансиските податоци во врска со Проспектот, Полномошник Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИОТ УЧЕСНИК НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОЈ ГО ИЗГОТВИЛ ПРОСПЕКТОТ

### 2.1. Називот и седиштето на брокерската куќа, овластената банка или подружницата на странска брокерска куќа, која го изготвила проспектот во име и за сметка на издавачот

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје има склучено Договор за соработка со Комерцијална банка АД Скопје која се јавува како покровител за спроведување на постапката и вршење на трансакции и активности за сметка на издавачот потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност.

Во име и за сметка на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, Проспектот е изготвен од страна на Комерцијална банка АД Скопје, Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност, со седиште на Васил Иљоски 3, Скопје, Р. С. Македонија (во понатамошниот текст: Банката).

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА РЕВИЗОРИТЕ

### 3.1 Називот и седиштетото на друштвата за ревизија кои вршеле ревизија на финансиските извештаи на друштвото во последните три години

- Друштво за ревизорски и книговодствен консалтинг и услуги ЕРНСТ И ЈАНГ ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ДОО Скопје со седиште на ул. Железничка бр. 41, спрат 5, 1000 Скопје, Р.С.Македонија ја изврши ревизијата на финансиските извештаи за 2021, 2022 и 2023 година.

### 3.2 Податоци за причините поради кои дошло до промена на друштвото за ревизија во текот на последните три години (друштвото не е повторно избрано, се откажало или е отповикано од страна на друштвото односно дошло до раскинување на договорот за вршење на ревизија било од едната или од другата страна) доколку тие причини би можеле да имаат материјално значење

Во текот на последните три години, нема промена на друштвото за ревизија.

## 4. ФАКТОРИ НА РИЗИК

Секој потенцијален инвеститор при донесувањето на одлуката за вложувањето во акциите на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, би требало да ги земе сите фактори на ризик кои се претставени во Проспектот, но исто така инвеститорот се упатува и на сопствена оценка на финансиската ситуација на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, како и на сите останати фактори и информации кои можат да влијаат на цената на акциите.



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Друштвото влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Подолу се наведени главните ризици на кои Друштвото е изложено и политиките за управување со ризиците.

### 4.1. Податоци за факторите на ризик специфични за издавачот и за индустриската гранка на која и припаѓа

Најзначајните ризици со кои потенцијално се соочува Издавачот, а се специфични за индустриската гранка на која припаѓа, може да се категоризираат во 3 групи:

- **Пазарни ризици**: постигнување на продажни цени кои се пониски од планираните како резултат на зголемената конкуренција на страната на понудата или променети преференци и вкусови на потрошувачите на страната на побарувачката. Исто така, ризик претставува и неисполнување на стандардите наметнати од пазарот и во однос на квалитет на производ и во однос на пакување на истиот;
- **Финансиски ризици**: финансиските ризици директно произлегуваат од претходно споменатиот ризик преведени во недостаток на готовински средства, генерирање на пониски профити, потежок пристап до обртни средства и долгорочни кредити од банки. Од друга страна, ризик кој директно влијае на финансискиот резултат, а кој е независен од самиот процес на производство е зголемување на цените на суровините, промена на каматните стапки на кредитите и слично;
- **Ризици поврзани со работна сила**: недостатокот на работна сила (квалификувана и неквалификувана) е се` почест проблем ако се има во предвид дека дејноста е трудоинтензивна гранка, а понудата на работна сила е многу ограничена што директно го отежнува производниот процес

### 4.2. Податоци за фактори на ризик кои се од материјално значење за хартиите од вредност кои се предмет на понудата со цел да се процени пазарниот ризик поврзан со тие хартии од вредност

Акционерско друштво за производство на сопирачка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои ВАБТЕК МЗТ АД Скопје е изложено и за кои постојат политики за управување со нив се следните:

- Пазарни ризици;
- Кредитен ризик;
- Оперативен ризик;
- Ликвидносен ризик;
- Управување со капиталот.



**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мишев**

Адвокатско друштво ... И МИШЕВ Скопје

### 4.2.1 Пазарни ризици

Валутен ризик

Групацијата се изложува на валутен ризик при набавки на суровини, задолжувања со кредити, кои се деноминирани во валута различна од МКД. Девизните средства со кои што работи Групацијата се ЕУР, УСД, ГБП и ПЛН. Најголема изложеност на Групацијата е кон ЕУР. Трендот на ЕУР во текот на 2023 година беше релативно стабилен и Групацијата очекува дека овој тренд ќе продолжи и во иднина.

Ризик на каматна стапка

Групацијата има долгорочен кредит од доминантиот сопственик со варијабилна каматна стапка, со што Групацијата е изложена на промени на пазарната каматна стапка.

Групацијата има финансиски средства со фиксна каматна стапка, кои се состојат од парични средства и паричен еквивалент и финансиски обврски, кои се состојат од долгорочен кредит од подружница на основното матично претпријатие. Бидејќи овие финансиски средства и обврски се со фиксни каматни стапки, ја изложуваат Групацијата на ризик од промена на објективната вредност.

Ризик поврзан со акциите издадени од Друштвото

Акциите на Друштвото ВАБТЕК МЗТ АД Скопје се тргуваат на Македонска берза АД Скопје на сегментот Официјален пазар во подсегментот Задолжителна котација. Врз основа на историјата на тргување со овие акции може да се констатира дека акциите на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје се со висок степен на неликвидност. Можните причини се гледаат во неисплатата на дивиденда, остварените загуби во работењето на Друштвото и низок free-float, односно еден доминантен сопственик со учество од 87,40% во акционерскиот капитал. Потенцијалните купувачи на акции од оваа јавна понуда треба да го земат во предвид овој ризик на неликвидност на акциите при носење на одлуката за инвестирање, бидејќи во случај на идна продажба на акциите може да се соочат со неликвидност, т.е. недоволен број на заинтересирани купувачи за овие акции.

### 4.2.2 Кредитен ризик

Побарувања од купувачи и други побарувања

Изложеноста на Групацијата на кредитен ризик произлегува од индивидуалните карактеристики на секој купувач.

Групацијата остварува приходи од продажба на готови производи и трговски стоки и услуги, која што во најголем дел се извршува на познати големи купувачи со кои што Групацијата има воспоставено повеќегодишна соработка. Раководството има воспоставено политики и процедури со цел да се намалат кредитните ризици, односно да се избегнат евентуални ненавремени неподмирувања на достасаните побарувања. Согласно политиките и процедурите, одделението за продажби врши анализа на платежната моќ на купувачите. Состојбите и достасаноста на побарувањата од сите овие купувачи се разгледуваат на одредено време во зависност од клиентот, времетраење на соработката и обемот на реализација со самиот клиент. Дополнително, постојат и купувачи кои плаќаат со отворање на акредитив или авансно пред да ги купат



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

производите бидејќи немаат креирано соодветен бонитет согласно со политиките на Групацијата.

Групацијата евидентира резервирање за сомнителни и спорни побарувања кои претставуваат најдобра проценка за настанатите загуби во однос на побарувањата од купувачи и други побарувања. Резервирање за исправка на вредноста на побарувања од купувачи и други побарувања се признава кога постои објективен доказ дека Групацијата нема да биде во можност да ги наплати сите достасани износи согласно договорните услови. Значителни финансиски потешкотии на должникот, можноста должникот да банкротира или да изврши финансиска реорганизација и потешкотии при наплата (повеќе од 180 дена по денот на достасување) се индикатори дека побарувањето е оштетено (т.е. постои потешкотија во наплатата).

### 4.2.3 Оперативен ризик

Примарната одговорност за развој и имплементација на контроли кои ќе се однесуваат на оперативниот ризик е на раководство на Групацијата. Оваа одговорност е поддржана со развојот на стандарди на Групацијата за управување со оперативен ризик во следниве области: барања за соодветна поделба на задачи, вклучувајќи и независна авторизација на трансакциите; барања за порамнување и мониторинг на трансакциите; усогласување со регулативата и други законски барања; документирани контроли и процедури; обука и професионално усовршување; етички и деловни стандарди; процедури за спречување на конфликт на интереси помеѓу Групацијата и вработените; намалување на ризикот, вклучувајќи осигурување.

### 4.2.4 Ликвидносен ризик

Ризик на ликвидност е ризик дека Групацијата нема да биде способна да ги исполни своите финансиски обврски во рамките на нивната доспеаност. Пристапот на Групацијата при управувањето со ликвидноста е да се осигура, колку што е можно, секогаш да има доволно готовина за да ги исплати достасаните обврски. Ова ги исклучува потенцијалните влијанија на непредвидливи ситуации. Евентуалните проблеми со ликвидноста можат да се покријат со нови кредити од основното матично претпријатие или негови подружници.

### 4.2.5 Управување со капиталот

Политика на раководството на Групацијата е да одржи стабилност на капиталот на Групацијата за да ги одржи довербата на добавувачите и пазарот и да го поддржи идниот развој на бизнисот. Групацијата го следи враќањето на капиталот, што го дефинира како однос помеѓу добивката од редовно работење и вкупниот акционерски капитал. Во текот на годината немаше промени во пристапот на Групацијата за управување со капиталот. Групацијата не е изложена на надворешни влијанија за промени на капиталот.

### 4.2.6 Ризик од несолвентност

Ризикот од несолвентност ја претставува веројатноста нето-вредноста на Вабтек МЗТ АД Скопје е да се сведе на нула или да стане негативна и поради тоа да пропадне Вабтек МЗТ АД Скопје. Во изминатиот период, Вабтек МЗТ АД Скопје континуирано се соочува со состојба на негативен нето-капитал (средствата на Вабтек МЗТ АД Скопје не



**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мицев**

Адвокатско друштво
ПЛАЗОСКИ И МИЦЕВ
Скопје

се доволни да ги покрие неговите обврски) и негативно финансиско работење, при што континуираното работење на Вабтек МЗТ АД Скопје е осигурано преку заеми од матичното друштво.

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ

### 5.1. Податоци за историјата и развојот на издавачот

#### 5.1.1 Полн назив, фирма и седиште на издавачот (адреса и телефонски број)

Акционерско друштво за производство на сопирачка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
ул. Перо Наков бр. 124, 1000 Скопје, Р.Северна Македонија
тел: +389 2 2581 330;

#### 5.1.2. Датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на друштвото

Датумот на регистрација во трговскиот регистар е 22.05.1997 година.
ЕМБС на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје е 4137787.

#### 5.1.3. Датум на основање на друштвото и времето за кое е основано друштвото, освен кога е основано за неопределено време

Датумот на основање на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје е 22.05.1997 година.

#### 5.1.4. Правна форма на друштвото и законите врз основа на кои работи

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје е организирано како акционерско друштво согласно Законот за трговски друштва.

Друштвото работи врз основа на Законот за трговски друштва, Законот за хартии од вредност, Законот за платен промет, Законот за девизно работење, Закон за облигационите односи и сите други законски и подзаконски акти релевантни за неговото работење.

#### 5.1.5. Значајни настани во деловниот развој на издавачот

Не постојат особено значајни настани кои имале влијание врз деловниот развој на Друштвото.

### 5.2. Инвестиции

#### 5.2.1. Опис и износ на значајните инвестиции на издавачот за последните три финансиски години;

Не постојат особено значајни инвестиции на Друштвото за последните три финансиски години.

#### 5.2.2. Опис на значајните инвестиции на издавачот кои се во тек, вклучувајќи и податок за географската локација на инвестициите (дома или во странство) како и податок за начинот на финансирање на истите (внатрешни или надворешни извори на средства);



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

Не постојат значајни инвестиции на Друштвото кои се во тек.

**5.2.3. Податоци за идните инвестиции на издавачот за кои неговиот менаџмент веќе има преземено обврски.**

Не постојат идни инвестиции на Друштвото за кои менаџментот веќе има преземено обврски.

## 6. ДЕЛОВЕН ПРЕГЛЕД

### 6.1. Основни дејности

### 6.1.1. Опис и клучни фактори во врска со природата на активностите на издавачот и неговите основни дејности, како и податоци за основните категории на производи и услуги кои се продадени за последните три финансиски години;

Согласно податоците од Тековната состојба на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, основната, односно приоритетната дејност на Друштвото е Производство на железнички локомотиви и шински возила (главна приходна шифра 30.20).

ВАБТЕК МЗТ АД, Скопје, е акционерско друштво основано и инкорпорирано во Република Македонија со адреса на ул. Перо Наков 124, 1000 Скопје. Започнува со производство на сопирачки и опрема за шински возила во 1953 година како дел од комплексот на Металски Завод Тито – Скопје од кој се одвојува во 1995 година. Во 2003 година е превземено од Poli S.R.L, Италија (Поли).

Во 2008 година ВАБТЕК МЗТ станува дел од Westinghouse Air Brake Technologies Corporation (WABTEC), Вилмердинг, Пенсилванија, САД, водечки светски производител на "high-tech" опрема – подсклопови и компоненти за:

- Товарни вагони и локомотиви
- Патнички шински возила

На површина од околу 15.000 м2 со над 100 машини, низ 4 специјални процеси, и со просек од 300 врвни професионалци од кои околу 60 инженери, ВАБТЕК МЗТ е целосно посветен на развој, производство и одржување на комплетни сопирачки системи за:

- Товарни вагони (Freight segment)
- Патнички вагони (Transit segment)
- Електромоторни возови и метроа (Transit segment)
- Локомотиви и специјални возила (Freight segment)

Во 2022 година производното портфолио беше презентирано на саемот на InnoTrans во Берлин, Германија. Исто така , во 2023 година продолжи трендот на презентирање на Trako саемот во Полска.

Производното портфолио на ВАБТЕК МЗТ во последните 3 години го сочинуваат следниве главни производи:

- Комплетна опрема за товарна сопирачк по UIC стандарди
- Блок цилиндер регулатор
- Комбиниран цилиндер регулатор
- Интегрирано сопирачко полужје (IBB)
- Контролни пневматски панели



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво
ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ
Скопје

- Системи за подготовка на воздух
- Пневматски подсклопови
- Резервоари
- Пробници
- Цилиндер и калипер за производство на кочен уред за диск

**Активности во 2023 година**

- Обезбедување безбедни работни места и кариерен развој
- Спроведување на проценка на изведба и индивидуален развој на вработените
- Развивање на сервисна мрежа во земји од Европската Унија и Источна Европа
- Обезбедување нови купувачи
- Подобрување на односи со клиенти
- Развој на нови и стратешки испорачатели за одливки, гуми, пружини

**Систем за управување со квалитет**

Вабтек МЗТ АД Скопје, од 1996 година е носител на сертификат според систем за управување со квалитетот ISO 9001:2008. Сертификацијата е направена од сертификационотот тело Quality Austria. Ресертификации, продолжувања на важноста на сертификатот по стандардот ISO 9001, се направени секоја година почнувајќи од добивање на сертификатот заклучно со 2024 година.
Вабтек МЗТ согласно европските "UIC" стандради е одобрен испорачател на кочни уреди за железнички возила.
Во 2013 год. Вабтек МЗТ се стекна со сертификат IRIS - International Railway Industry Standard.
Во 2024 год. се извршени контролни проверки на процесите по EN 15085-2 како и ресертификационен аудит според IRIS од страна на сертификационото тело Quality Austria.
Спроведена е и проверка според "TSI" од сертификационото тело VUZ – Република Чешка.
Покрај редовните сертификациони аудити, во изминативе 3 години се правени повеќе аудити од редовни и потенцијални купувачи, и тоа:

- GATX , Германија
- ALSTOM Transport, Франција
- Deutsche Bahn, Германија
- CRCC, Кина
- Tatravagonka, Република Словачка
- Faiveley, Франција и Германија
- Сименс, Германија

Поважни проекти – активности имплементирани и одржувани во изминатите 3 години:

- Проект GATX
- Проект Mireo - производство на кочен уред за диск
- Проект RRX - производство на кочен уред за диск
- Проект ICx - производство на кочен уред за диск
- Проект RRX - производство на кочен уред за диск



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво
ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ
Скопје

- Проект GPE – Grand Paris express
- Проект IBB 10, Интегрирана кочница
- Проект за стандардни кочници за Пакистан
- Проект R179, Њу Јорк метро

Продажна мрежа

Како дел од стратегијата за одржливи продажби, Вабтек МЗТ АД Скопје располага со мрежа на агенти, дистрибутори и севкупна поддршка од сите поврзани странки – дел од Вабтек групацијата.

Присутноста на Полскиот пазар и Евопската Унија како еден од клучните пазари на Вабтек МЗТ АД Скопје е остварена преку вложен сопственички капитал кој изнесува 100% од друштвото Wabtec Poland SP.Z.O.O. кое се фокусира на константно унапредување на продажбите на клиенти од Евpопската Унија, како и поддршка на клиентите од европскиот регион преку одржување на магацински простор за резервни делови со цел овозможување на пократки рокови на испорака и брз одговор на потребите на клиентите како на Полскиот пазар така и на клиентите во останатите европски земји.

### 6.1.2. Податоци за воведувањето на некој нов значаен производ или услуга и во рамките на она што е јавно објавено за развојот на новиот производ или услуга, податок за фазата на развој;

Не е воведен некој нов значаен производ или услуга.

### 6.2. Пазари на кои издавачот работи

Иако Република Северна Македонија е матична земја за Вабтек МЗТ АД Скопје, Друштвото е извозно ориентирано, односно најголемиот дел од остварените приходи од продажба се остварени на странски пазари. Во табелата подолу е прикажана структурата на приходите од продажба на Вабтек МЗТ АД Скопје, согласно податоците од ревидираните консолидирани финансиски извештаи за периодот 2021-2023 година и податоците од неревидираните биланси на успех со пресек на 30.06.2024 година и 30.09.2024 година:

**во илјади денари**

| | 2021 | 2022 | 2023 | 30.06.2024 | 30.09.2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба во странство | 1,625,762 | 1,850,763 | 2,398,665 | 1.424.708 | 2.121.778 |
| Приходи од продажба во земјата | 1,812 | 3,163 | 2,451 | 5.085 | 6.356 |
| **Вкупни приходи од продажба** | **1.627.574** | **1.853.926** | **2.401.116** | **1.429.793** | **2.128.134** |



**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мишев**

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

Подеталната анализа на приходите од продажба, согласно податоците од Годишните консолидирани извештаи (дел од консолидираните финансиски извештаи) за периодот 2021-2023 година, покажува дека најголем удел од вкупните приходи од продажба сочинуваат приходите од продажба остварени на европскиот пазар, при што регистриран е пораст на тој удел во 2023 година. Имено, во 2021 година, остварениот удел во вкупните продажби изнесувал 76%, во 2022 година: 70%, додека во 2023 година, уделот изнесува 89%. Како што е прикажано на сликите подолу, за сметка на продажбите на европскиот пазар, намален е уделот на продажбите остварени на пазарите во Азија и Африка во периодот 2022-2023 година.

**Слика бр. 1: Продажби по региони за 2021, 2022 и 2023 година (во милиони ЕУР)**















ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

**Слика бр.2: Продажби по географска локација и категорија на производ за 2021, 2022 и 2023 година (во ЕУР)**

| Износ ЕУР<br>Држава | Сопирачки и опрема по бизнис активност | година<br>2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|
| Австралија | Transit / патнички сегмент | 69,754.24 | 80,795.44 | 65,227.17 |
| Австрија | Freight / Карго сегмент | 167,084.20 | 683,649.00 | 304,238.09 |
| Белгија | Freight / Карго сегмент | 177,429.43 | 161,112.50 | 154,494.00 |
| Босна и Херцеговина | Freight / Карго сегмент | 130,280.59 | 55,290.30 | 195,251.90 |
| Бугарија | Freight / Карго сегмент | 834,448.00 | 19,489.00 | 88,800.00 |
| Велика Британија | Freight / Карго сегмент | 847,705.40 | 972,382.95 | 781,161.14 |
| Габон | Freight / Карго сегмент | - | 14,750.00 | - |
| Германија | Freight / Карго сегмент | 1,255,110.01 | 261,280.90 | 191,981.00 |
| Германија | Transit / патнички сегмент | 10,001,652.68 | 11,584,786.23 | 9,352,542.18 |
| Индиа | Freight / Карго сегмент | 501,217.86 | 563,250.43 | 456,386.23 |
| Индонезија | Freight / Карго сегмент | 138.00 | - | - |
| Италиа | Transit / патнички сегмент | 208,240.70 | - | - |
| Италија | Freight / Карго сегмент | 180,329.00 | 99,622.00 | 332,901.60 |
| Италија | Transit / патнички сегмент | - | 241,202.54 | 194,725.81 |
| Јужна Африка | Transit / патнички сегмент | 1,386,991.03 | 1,606,533.95 | 1,296,974.86 |
| Казахстан | Freight / Карго сегмент | 60,978.80 | 70,630.96 | 57,021.26 |
| Кенија | Freight / Карго сегмент | 6,050.20 | - | - |
| Кина | Freight / Карго сегмент | 289,176.75 | 278,277.00 | 740,999.94 |
| Македонија | Freight / Карго сегмент | 29,463.41 | 51,430.89 | 39,853.66 |
| Малезија | Freight / Карго сегмент | 360.00 | - | 2,550.00 |
| Мозамбик | Freight / Карго сегмент | 28,562.36 | 33,083.41 | 26,708.65 |
| Пакистан | Freight / Карго сегмент | 666,805.00 | 1,522,749.00 | 1,190,920.00 |
| Полска | Freight / Карго сегмент | 2,180,756.31 | 1,374,040.63 | 1,135,571.26 |
| Република Чешка | Freight / Карго сегмент | 4,990.00 | 9,026.00 | 1,950.00 |
| Романиа | Freight / Карго сегмент | 456,116.00 | 284,542.62 | - |
| Романија | Freight / Карго сегмент | - | - | 311,352.00 |
| САД | Freight / Карго сегмент | 1,124,979.25 | 1,303,419.06 | 1,051,967.73 |
| Словачка | Freight / Карго сегмент | 509,519.00 | 2,578,236.50 | 6,449,936.00 |
| Словениа | Freight / Карго сегмент | - | 179,714.36 | - |
| Словенија | Freight / Карго сегмент | 72,447.73 | - | 150,951.46 |
| Србија | Freight / Карго сегмент | 21,024.40 | 49,354.20 | 267,057.90 |
| Тајланд | Freight / Карго сегмент | 11,117.20 | 57,176.00 | 72,040.00 |
| Турција | Freight / Карго сегмент | 770,853.70 | 1,724,465.01 | 12,526,597.31 |
| Украјна | Freight / Карго сегмент | 17,990.00 | - | - |
| Унгарија | Freight / Карго сегмент | - | - | 5,968.00 |
| Франција | Freight / Карго сегмент | 4,275,820.54 | 3,121,128.78 | 1,568,149.28 |
| Хрватска | Freight / Карго сегмент | 58,723.57 | 154,833.17 | - |
| Црна Гора | Freight / Карго сегмент | - | 2,210.00 | - |
| Швајцарија | Freight / Карго сегмент | 88,243.00 | 4,303.00 | 2,730.00 |
| Шпанија | Freight / Карго сегмент | 30,258.70 | 1,002,364.67 | 25,532.03 |
| | | **26,464,617.06** | **30,145,130.52** | **39,042,540.45** |

## 6.3. Доколку на дадените податоци од точка 6.1. и 6.2. влијание имале некои невообичаени фактори, да се наведат

Не постојат некои невообичаени фактори кои имале влијание врз активностите кои ги извршува Друштвото, односно неговата основна дејност и пазарите на кои ВАБТЕК МЗТ АД Скопје работи.

## 6.4. Збирен приказ на степенот на зависност од патенти, лиценци и индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки, доколку истите се од суштинско значење за работата и профитабилноста на издавачот

Не постојат патенти, лиценци и индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки кои што се суштинско значење за работата и профитабилноста на Друштвото.

## 6.5 Доколку издавачот наведува информации за конкурентската позиција на пазарот задолжително се наведува и основот за таквиот исказ на издавачот



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

Неапликативно.

## 7. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

### 7.1. Доколку издавачот е дел од група (посложен деловен систем), краток опис на позицијата на издавачот во таа група

**Вабтек МЗТ АД Скопје** е дел од корпоративната групација на Wabtec Corporation, водечки глобален снабдувач на технолошки производи и услуги за железничката и транзитната индустрија. Wabtec Corporation, со седиште во САД, опфаќа широк спектар на компании и подружници ширум светот, фокусирајќи се на различни аспекти на транспортни и индустриски решенија.

Вабтек МЗТ АД Скопје е специјализиран за производство на системи за кочење и опрема за железнички возила. Како член на корпоративната група на Вабтек, друштвото има пристап до обемните ресурси, технолошките напредоци и глобалниот опфат на корпоративната група. Оваа интеграција му овозможува на Вабтек МЗТ АД Скопје значително да придонесе кон целокупната мисија на Вабтек групата за подобрување на безбедноста, ефикасноста и продуктивноста во транспортниот сектор.

### 7.2. Податоци за друштвата во кои издавачот има мнозинско учество (назив, земја во која се основани или работат, процентот на сопственост и ако е различен и процентот на гласачката моќ)

| Име на друштво | Земја во која се основани | Процент на сопственост и процент на гласачка моќ |
|---|---|---|
| Wabtec Poland Sp. Z.o.o | Полска | 100% |



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

## 8. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

### 8.1. Податоци во врска со постојни или планирани значајни материјални (фиксни) средства, вклучувајќи и изнајмени средства како и податок за некои позначајни реални обврски (оптоварувања) на средствата на издавачот (хипотеки, залог и сл.)

| *Во илјади денари* | Земјиште и згради | Опрема | Мебел и останата опрема | Инвести-ции во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Набавна или претпоставена вредност*** | | | | | |
| На 1 јануари 2022 | 465.905 | 678.944 | 86.097 | 2.418 | 1.233.364 |
| Зголемувања | - | 36.714 | 5.967 | 20.270 | 62.951 |
| Намалувања | - | - | - | - | - |
| На 31 декември 2022 | **465.905** | **715.658** | **92.064** | **22.688** | **1.296.315** |
| На 1 јануари 2023 | 465.905 | 715.658 | 92.064 | 22.688 | 1.296.315 |
| Зголемувања | 4.610 | 101.442 | 7.020 | 23.326 | 136.398 |
| Намалувања | - | (314) | - | - | (314) |
| На 31 декември 2023 | **470.515** | **816.786** | **99.084** | **46.014** | **1.432.399** |
| ***Исправка на вредноста*** | | | | | |
| На 1 јануари 2022 | 274.373 | 479.151 | 60.662 | - | 814.186 |
| Амортизација | 9.966 | 25.984 | 13.069 | - | 49.019 |
| Намалувања | - | - | - | - | - |
| На 31 декември 2022 | **284.339** | **505.135** | **73.731** | **-** | **863.205** |
| На 1 јануари 2023 | 284.339 | 505.135 | 73.731 | - | 863.205 |
| Амортизација | 9.985 | 34.953 | 2.673 | - | 47.611 |
| Намалувања | - | - | - | - | - |
| На 31 декември 2023 | **294.324** | **540.088** | **76.404** | **-** | **910.816** |
| ***Неотпишана вредност*** | | | | | |
| На 1 јануари 2022 | **191.532** | **199.793** | **25.435** | **2.418** | **419.178** |
| На 31 декември 2022 | **181.566** | **210.523** | **18.333** | **22.688** | **433.110** |



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

| *Во илјади денари* | **Земјиште и згради** | **Опрема** | **Мебел и останата опрема** | **Инвести-ции во тек** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Набавна или претпоставена вредност*** | | | | | |
| На 1 јануари 2021 | 465.540 | 626.878 | 76.169 | (1) | 1.168.586 |
| Зголемувања | 365 | 57.386 | 10.383 | 2.419 | 70.553 |
| Намалувања | - | (5.320) | (455) | - | (5.775) |
| На 31 декември 2021 | **465.905** | **678.944** | **86.097** | **2.418** | **1.233.364** |
| ***Исправка на вредноста*** | | | | | |
| На 1 јануари 2021 | 264.412 | 447.299 | 56.438 | - | 768.149 |
| Амортизација | 9.961 | 36.077 | 4.664 | - | 50.702 |
| Намалувања | - | (4.225) | (440) | - | (4.665) |
| На 31 декември 2021 | **274.373** | **479.151** | **60.662** | **-** | **814.186** |
| ***Неотпишана вредност*** | | | | | |
| На 1 јануари 2021 | **201.128** | **179.579** | **19731** | **(1)** | **400.437** |
| На 31 декември 2021 | **191.532** | **199.793** | **25.435** | **2.418** | **419.178** |

**Обезбедување**

Нема недвижности, постројки и опрема дадени под хипотека.

**8.2. Опис на било кои фактори на окружувањето кои би можеле да имаат влијание на располагањето на издавачот со материјалните средства (на пример ако со закон се регулирани условите за употреба на одредена опрема која може негативно да влијае на опкружувањето).**

Не постојат фактори на окружувањето кои би можеле да имаат влијание на располагањето на Друштвото со материјалните средства.

## 9. ПРЕГЛЕД НА ОПЕРАТИВНОТО И ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

### 9.1.Финансиска состојба

**Анализа на финансиското работење на издавачот - опис на финансиската состојба, промените во финансиската состојба и резултатите од работењето за секоја година вклучувајќи ги и причините за значајните промени во финансиските податоци од година во година до ниво кое ќе овозможи запознавање со работењето на издавачот во целина**

Анализата на финансиската состојба и работењето на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје е направена врз основа на ревидираните консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2021 година (Прилог бр.1), 2022 година (Прилог бр.2) и 2023 година



**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мишев**

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

(Прилог бр.3), како и неревидираните финансиски извештаи со состојба од 01.01.-30.06.2024 година (Прилог бр. 4) и неревидираниот биланс на успех со состојба на 01.01.-30.09.2024 година (Прилог бр. 5).

Реализираните приходи од продажба во периодот 2021-2023 година бележат тренд на зголемување (Слика бр.3), што главно се должи на зголемените приходи од продажба на стоки на странски пазари. Имено Вабтек МЗТ АД Скопје, во 2021 година остварува приход од продажби во странство во износ од 1.627.574 илјади денари, додека во 2023 година остварен е приход од 2.401.116 илјади денари. (Слика бр.3).

**Слика бр.3: Реализирани приходи од продажба (2021-2023 година) - во илјади денари**




**Слика бр.4: Структура на приходите од продажба (2021-2023 година) – во илјади денари**




Како што може да се види од слика бр.4, најголем дел од приходите од продажба во анализираниот период 2021-2023 година се реализирани на странските пазари. Најголемиот дел од продажбите се на пазарите низ Европа, а помал обем на приходи се реализираат со продажбите на пазарите низ Азија и Африка.



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

Од аспект на реализираните трошоци на Вабтек МЗТ АД Скопје, во периодот 2021-2023 година карактеристичен е тренд на континуирано зголемување на трошоците, што главно се должи на зголемувањето на расходите за материјали (кои всушност имаат и најголемо учество во оперативните расходи). Така вкупните оперативни расходи на Вабтек МЗТ АД Скопје во 2023 година се на ниво од 2.536.859 иљади денари и во однос на претходната 2022 година се зголемени за 22,64% (слика бр.5). Дополнително, во 2023 година, постои голем раст на ставката Останати расходи, кои се зголемени за 248.439 иљади денари, односно за 41,57% во однос на 2022 година.

Следствено на погоренаведеното, Вабтек МЗТ АД Скопје, значајно ја зголемува оперативната загуба во периодот 2021-2023 година. Оперативната загуба во 2023 година изнесува 123.497 иљади денари) и претставува најмала остварена загуба, во споредба со 2021 (загуба од 192.781 иљади денари) и особено 2022 година (загуба од 211.570 иљади денари) (Слика бр.5), дополнително имајќи ги во предвид и реализираните нето финансиски расходи, Вабтек МЗТ АД Скопје во анализираниот период 2021-2023 година работи со нето загуба (слика бр.6).

**Слика бр.5: Нето приходи, трошоци и реализирана загуба од оперативно работење (2021-2023 година) – во иљади денари**




**Слика бр.6: Нето добивка (2021-2023 година) – во иљади денари**






ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

Вкупните средства на Друштвото (Слика бр.7) во периодот 2021-2023 година имаат тренд на зголемување (особено во 2023 година), при што на крајот на 2023 година се на ниво од 2.756.892 илјади денари (2022: 2.133.707 илјади денари; 2021: 1.777.851 илјади денари).

**Слика бр.7: Тековни, нетековни и вкупни средства (2021-2023 година) – во илјади денари**




Нетековните средства (недвижности, постројки и опрема, нематеријални средства, останти долгорочни средства и одложени даночни средства) бележат зголемување во периодот 2021-2023 година (Слика бр.7), што речиси целосно се должи на растот на ставката Недвижности, постројки и опрема. Исто така, тековните средства во периодот 2021-2023 година, покажуваат тренд на континуирано зголемување (Слика бр.7), воглавно како резултат на растот на ставката Побарувања од купувачи и други побарувања (остварен е раст од речиси 50% во 2023 година во споредба со 2022 година), како резултат на порастот на побарувањата од купувачи и побарувањата од поврзани страни, Исто така, позначаен раст е остварен и во делот на Парични средства и парични еквиваленти (раст од 160.491 илјади денари во 2022 година на 257.279 илјади денари во 2023 година).

Вкупните обврски на Вабтек МЗТ АД Скопје (Слика бр.8) континуирано растат во периодот од 2021 до 2023 година, при што на крајот на 2023 година се на ниво од 4.317.597 илјади денари (2022: 3.472.495 илјади денари; 2021: 2.851.952 илјади денари).

**Слика бр.8: Тековни, нетековни и вкупни обврски (2021-2023 година) – во илјади денари**






ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

Најголемиот дел од обврските во 2021 и 2022 година претставуваат тековни обврски на Вабтек МЗТ АД Скопје, во прв ред обврски за кон поврзани страни и тековна доспеаност на долгорочни кредити. Во 2023 година, пак, поголемиот дел од обврските се нетековни обврски како последица на појавата на нов долгорочен кредит од Вабтек Транспортејшн Недерлендс Б.В. субјект дел од Вабтек Групацијата.

Акционерскиот капитал на Друштвото се состои од 80.295 обични акции, при што секоја акција има номинална вредност од 51,13 евра. Треба да се напомене дека, поради акумулираните загуби, Вабтек МЗТ АД Скопје прикажува негативна вредност на капиталот во финансиските извештаи.

Врз основа на неревидираните финансиски извештаи за периодот 01.01-30.06.2024 година (Прилог бр.4), остварен е раст на активата од 2.159.070 илјади денари на 30.06.2023 година на 2.548.737 илјади денари на 30.06.2024 година, како резултат на растот на недвижностите, постројките и опремата. На страната на обврските, растот се должи на растот на обврските спрема добавувачи и останати обврски, како и обврските за краткорочни кредити и хартии од вредност. Капиталот на Вабтек МЗТ АД Скопје е намален како последица на акумулираните загуби (30.06.2023: -1.407.259 илјади денари, 30.06.2024 година: -1.714.611 илјади денари).

Во однос на билансот на успех во периодот 01.01.-30.06.2024 година, споредено со 30.06.2023 година, Вабтек МЗТ АД Скопје остварува раст на приходите од продажба (30.06.2023: 1.180.139 илјади денари, 30.06.2024: 1.438.782 илјади денари), како резултат на растот на приходите од продажба на странски пазар. Оперативните расходи на Вабтек МЗТ АД Скопје изнесуваат 1.322.822 илјади денари (30.06.2023: 1.208.890 илјади денари) и остварена е оперативна добивка од 25.886 илјади денари, за разлика од оперативната загуба остварена во истиот период во 2023 година. Со оглед на зголемените финансиски расходи за камати, остварена е нето загуба од 19.576 илјади денари, загуба која е помала во однос на загубата од 30.06.2023 година од 81.775 илјади денари.

Во однос на неревидираниот биланс на успех за периодот 01.01.-30.09.2024 година, споредено со 30.09.2023 година (Прилог бр. 5), Вабтек МЗТ АД Скопје остварува раст на приходите од продажба (30.09.2023: 1.737.190 илјади денари, 30.09.2024: 2.137.124 илјади денари), како резултат на растот на приходите од продажба на странски пазар. Оперативните расходи на Вабтек МЗТ АД Скопје изнесуваат 2.032.644 илјади денари (30.09.2023: 1.762.859 илјади денари) и остварена е оперативна добивка од 21.748 илјади денари, за разлика од оперативната загуба остварена во истиот период во 2023 година. Со оглед на зголемените финансиски расходи за камати, остварена е нето загуба од 48.130 илјади денари, загуба која е помала во однос на загубата од 30.09.2023 година од 97.500 илјади денари.

**9.2. Резултати од работењето**

**9.2.1. Информации за позначајните фактори, вклучувајќи ги невообичаени ретки настани и иновации, кои значајно влијаат на приходите на издавачот, со назначување на тоа до кој степен наведениот фактор влијаел на приходот на издавачот;**

Не постојат позначајни фактори кои значајно влијаат на приходите на Друштвото.



**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мишев**

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

**9.2.2. Во случај финансиските извештаи да прикажуваат значајни промени во нето продажбата односно приходите од продажба, потребно е да се опишат причините за тие промени;**

Не постојат значајни промени во нето продажбата односно приходите од продажба во финансиските извештаи.

**9.2.3. Потребно е да се наведат информации за владини, економски, фискални и монетарни политики или други фактори кои значајно влијаеле, или би можеле значајно да влијаат, директно или индиректно, на работењето на издавачот.**

Не постојат политики или други фактори кои значајно влијаеле или би можеле значајно да влијаат, директно или индиректно, на работењето на Друштвото.

## 10. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

### 10.1. Информација за изворите на средства на издавачот (вклучувајќи ги и долгорочните и краткорочните)

Податоците од ревидираните консолидирани финансиски извештаи во периодот 2021-2023 година и неревидираниот биланс на состојба во периодот 01.01.-2024-30.06.2024 година, покажуваат дека Вабтек МЗТ АД Скопје се финансира од туѓи извори на средства. Капиталот во последните 3 години, покажува тренд на намалување, како резултат на акумулираните загуби од претходните финансиски години. Акционерскиот капитал се состои од 80.295 обични акции со номинална вредност од 51,13 евра по акција и вкупен износ од 4.105.417,00 евра, односно 210.464.358,00 денари.

| **Капитал** | **2021 (000 МКД)** | **2022 (000 МКД)** | **2023 (000 МКД)** | **30.06.2024 (000 МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| Акционерски капитал | 210.464 | 210.464 | 210.464 | 210.464 |
| Пренесена загуба | -1.036.776 | -1.554.508 | -1.786.544 | -1.925.076 |
| Останати резерви | -247.789 | 5.256 | 15.375 | |
| **Вкупно** | **-1.074.101** | **-1.338.788** | **-1.560.705** | **-1.714.611** |

| **Долгорочни обврски** | **2021 (000 МКД)** | **2022 (000 МКД)** | **2023 (000 МКД)** | **30.06.2024 (000 МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| Обврски за кредити | 740.140 | - | 2.479.758 | - |
| Резервирања за трошоци во гарантен рок | 29.417 | 29.417 | 30.706 | 30.706 |
| Обврски за вработени | 5.524 | 6.442 | 4.846 | |
| **Вкупно** | **775.081** | **35.859** | **2.515.310** | **30.706** |

| **Тековни обврски** | **2021 (000 МКД)** | **2022 (000 МКД)** | **2023 (000 МКД)** | **30.06.2024 (000 МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| Тековна доспеаност на долгорочни кредити | 547.864 | 1.611.067 | 85.398 | 2.479.758 |



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ ... Скопје

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Примени аванси | 3.042 | 6.844 | 16.769 | 76.079 |
| Обврски кон добавувачи и други обврски | 1.442.988 | 1.755.622 | 1.627.147 | 1.646.216 |
| Резервирања и однапред пресметани трошоци | 82.977 | 63.103 | 72.973 | 30.590 |
| **Вкупно** | **2.076.871** | **3.436.636** | **1.802.287** | **4.232.643** |

Во однос на обврските, главниот дел го сочинуваат обврските за кредити од поврзани лица, при што во зависност од финансиската година, тие ја менуваат својата рочност (долгорочни кредити или тековна доспеаност на долгорочни кредити). Особено голем пораст на состојбата на обврските се случува во 2022 година како резултат на порастот на обврските кон добавувачи (раст од 251.103 илјади денари во 2021 година на 454.515 илјади денари во 2022 година) и обврски кон поврзани странки (обврски кон членовите на Одборот на директори, клучниот менаџерски персонал, акционерите кои остваруваат значајно вилијание врз работењето на Вабтек МЗТ АД Скопје, подружниците на Вабтек МЗТ АД Скопје, како и субјектите поврзани со претходно наведените субјекти) кои пораснале од 886.033 илјади денари во 2021 година на 1.247.914 илјади денари во 2022 година. Трендот на зголемување на обврските продолжува и во 2023 година, додека благо намалување е остварено во првата половина од 2024 година.

Во однос на обврските по основ на кредити (прикажани подолу), станува збор за необезбедени кредити од поврзани страни. Од приказот подолу е видливо дека Вабтек МЗТ АД Скопје доцнел со плаќањето на некои од кредитите. Со состојба на 31.12.2023 година, останало да се врати долгорочен кредит со номинална вредност од 2.479.758 илјади денари, каматна стапка од 5,05% и година на достасување до 2028 година. Според неревидираниот биланс на состојба со состојба на 30.06.2024 година, овој кредит е сместен во категоријата Тековна доспеаност на долгорочни кредити (краткорочни обврски), што укажува на тоа дека Вабтек МЗТ АД Скопје, планира да го врати кредитот до крајот на 2024 година.

Меѓукомпанисиот договор за заем е склучен со Wabtec Transportation Netherlands B.V. на 28 јули 2022 година на износ од 50 милиони евра. Станува збор за револвинг меѓукомпаниски запис при што првата транша од 39 милиони евра е исплатена во 2023 година заради рефинансирање на претходно одобрен заем од Wabtec Transportation Netherlands B.V. Заемопримачот ќе го користи остатокот на средствата од заемот за општи цели на обртни средства.

Договорот е одобрен согласно интерните процедури и од страна на топ менаџментот на Вабтек Корпорација. Рокот на доспевање е заклучно со 28 јули 2027 година при што неплатената главнина и неплатената акумулирана камата според договорот може да бидат предвремено платени од страна на заемопримачот пред доспевање во целост или делумно во секое време по своја желба.



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И ... Скопје

| *Во илјади денари* | Валута | Номинална каматна стапка | Година на достасување | 31 декември 2023 Номинална вредност | Номинална вредност | 31 декември 2022 Номинална вредност | Сметко-водствена вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Необезбедени кредити од поврзани страни | ЕУР | 4%± 3 мес. ЕУРИБОР | 2004-2019 | - | - | 439.062 | 439.062 |
| Необезбедени кредити од поврзани страни | ЕУР | 5,05% | 2011-2021 | - | - | 107.613 | 107.613 |
| Необезбедени кредити од поврзани страни | ЕУР | 5,05% | 2027-2028 | 2.479.758 | 2.479.758 | 719.470 | 719.470 |
| Необезбедени кредити од поврзани страни | ЕУР | 2% | 2018-2022 | - | - | 19.063 | 19.063 |
| Вкупно каматоносни обврски | | | | 2.479.758 | 2.479.758 | 1.285.208 | 1.285.208 |

| *Во илјади денари* | Валута | Номинална каматна стапка | Година на достасување | 31 декември 2022 Номинална вредност | Номинална вредност | 31 декември 2021 Номинална вредност | Сметко-водствена вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Необезбедени кредити од поврзани страни | ЕУР | 4%± 3 мес. ЕУРИБОР | 2004-2019 | 439.062 | 439.062 | 440.017 | 440.017 |
| Необезбедени кредити од поврзани страни | ЕУР | 5,05% | 2011-2021 | 107.613 | 107.613 | 107.847 | 107.847 |
| Необезбедени кредити од поврзани страни | ЕУР | 5,05% | 2013-2023 | 719.470 | 719.470 | 721.036 | 721.036 |
| Необезбедени кредити од поврзани страни | ЕУР | 2% | 2018-2022 | 19.063 | 19.063 | 19.104 | 19.104 |
| Вкупно каматоносни обврски | | | | 1.285.208 | 1.285.208 | 1.288.004 | 1.288.004 |

## 10.2. Објаснување на готовинските текови на издавачот и нивните износи

(во 000 денари)

| Извештај за паричните текови | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| Добивка / Загуба за периодот | **-247,789** | **-262,628** | **-232,036** |
| Усогласувања за: | | | |
| | | | |
| Амортизација на недвижности, постројки и опрема | 50,702 | 49,019 | 47,611 |
| Исправка на застарени и спорини побарувања и отпис на побарувања | -802 | 3,097 | -916 |
| Отпишани обврски | | 2,861 | |
| Исправка на вредност на залихи | -13,728 | 4,237 | 10,378 |
| Кусоци | 6,514 | 2,248 | 18,229 |



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

| | | | |
|---|---|---|---|
| Неотпишана вредност од продажба на недвижности, постројки и опрема | 1,114 | 1 | |
| Курсни разлики | 4,727 | 2,372 | 16,666 |
| Расходи за камати | 42,135 | 44,723 | 91,987 |
| Данок на добивка | 8,151 | 3,963 | 114 |
| | | | |
| **Добивка од оперативното работење пред промени во обртниот капитал** | **-148,976** | **-150,107** | **-47,967** |
| | | | |
| Промени кај побарувања од купувачи и други побарувања | 33,010 | -69,589 | -310,928 |
| Промена кај дадени аванси за тековни средства | -17,072 | -145,010 | 45,086 |
| Промена кај залихи | -117,264 | -160,420 | -199,461 |
| Промана кај обврски кон добавувачи и други обврски | 391,884 | 607,775 | -118,912 |
| Промена кај примени аванси | -497 | 3,800 | 9,927 |
| Платени камати | -42,135 | -44,723 | -91,987 |
| Платен данок на добивка | | -3,963 | -114 |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | **98,950** | **37,763** | **-714,356** |
| | | | |
| **Парични текови од инвестициски активности** | | | |
| Курсни разлики | -4,727 | -2,372 | -16,666 |
| Набавка на недвижности, постројки и опрема | -70,557 | -62,951 | -136,398 |
| **Нето парични текови користени за инвестициски активности** | **-75,284** | **-65,323** | **-153,064** |
| | | | |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Приливи по основ на кредити | -1,400 | | 2,571,617 |
| Одливи по основ на кредити | | | -1,617,528 |
| | | | |
| **Нето парични текови користени за финансиски активности** | **-1,400** | **0** | **954,089** |
| | | | |
| Нето зголемување/(намалување) на пари и парични еквиваленти | 22,266 | -27,561 | 86,669 |
| Пари и парични еквиваленти на почеток на годината | 167,345 | 190,111 | 160,491 |
| Добивки од преведување на странски валути | 500 | -2,059 | 10,119 |
| | | | |
| **Пари и парични еквиваленти на крај на годината** | **190,111** | **160,491** | **257,279** |

Извештајот за паричните текови на Вабтек МЗТ АД Скопје даден погоре ги објавува паричните приливи и одливи на Друштвото за 2021, 2022 и 2023 година, групирани според оперативните, инвестициските и финансиските активности. Податоците од Извештајот за парични текови го помагаат објаснувањето на промените на последователните Биланси на состојба и ги дополнува информациите кои се добиваат од Билансот на успех.



:

**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мишев**

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И ... Скопје

Паричниот тек од оперативните активности го мери износот на генерирани или исплатени парични средства на Вабтек МЗТ АД Скопје, како резултат на производството и продажбата на производите. Нето тековите од оперативни активности во анализираниот период 2021-2023 година бележат драстично намалување (негативна вредност) во 2023 година во споредба со 2022 и 2021 година (позитивни вредности), како последица на загубата од работењето и намалените парични текови кај обврските кон добавувачи и други обврски, побарувањата од купувачи и други побарувања и промената на залихите.

Нето паричните текови од инвестициски активности упатуваат на износот на паричните текови кои се употребени за набавка на основни средства, инвестиции и долгорочни вложувања. Од податоците може да се забележи дека нето паричните текови од инвестициски активности во 2021, 2022 и 2023 година воглавно произлегуваат од набавката на недвижности постројки и опрема.

Готовинските текови од финансиските активности на Вабтек МЗТ АД Скопје за 2023 година, произлегуваат од нето приливите по основ на кредити.

Состојбата на парите и паричните еквиваленти на крајот на 2023 година изнесува 257.279 илјади денари (2022: 160.491 илјади денари, 2021: 190.111 илјади денари).

| **Позиција** | **30.06.2023 (во 000 МКД)** | **30.06.2024 (во 000 МКД)** |
|---|---|---|
| ***А) Парични текови од оперативни активности*** | ***24,586*** | ***52,690*** |
| **Нето добивка/загуба после оданочување** | -81,775 | -19,576 |
| *Прилагодување за:* | | |
| Амортизација | -30,355 | -14,904 |
| Зголемување/намалување на залихи | -63,148 | -75,778 |
| Зголемување/намалување на купувачите | -174,197 | -250,036 |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни побарувања | 15,151 | 18,181 |
| Зголемување/намалување на АВР | -4,589 | -5,507 |
| Зголемување/намалување обврски спрема добавувачите | -177,178 | -456,614 |
| Зголемување/намалување обврски за примени аванси | 312,465 | 664,958 |
| Расходи/приходи од камати | 15,490 | 47,433 |
| ***Б) Парични текови од инвестициони активности*** | ***-15,003*** | ***-135,935*** |
| Набавки на недвижности, постројки и опрема, нематеријални средства и сл. | -15,003 | -135,935 |
| ***В) Парични текови од финансиски активности*** | ***2,885*** | ***160,421*** |
| Парични исплати за враќање на заеми | 2,885 | 160,421 |
| ***Зголемување/намалување на паричните средства*** | ***12,468*** | ***77,176*** |
| **Парични средства на почеток на годината** | 80,676 | 65,864 |
| ***Г) Парични средства на крајот на годината*** | ***93,144*** | ***143,040*** |



Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мишев**

Споредено со првата половина на 2023 година, остварено е зголемување на паричните текови од оперативни активности во првата половина на 2024 година. Оваа состојба е резултат на намалената загуба од работењето овој период од 2024 година и зголемувањето на обврските за примени аванси. Кога на оваа состојба, ќе се додадат и паричните текови од инвестициони и финансиски активности, Вабтел МЗТ АД Скопје, остварува зголемување на износот на паричните средства на крајот на првата половина од 2024 година, во однос на првата половина на 2023 година.

**10.3. Информација за условите под кои издавачот се задолжува, како и за структурата на изворите на финансирање**

Структурата на изворите на финансисирање е детално наведена во точката 10.1.

**10.4. Информација за какви било ограничувања во поглед на употребата на изворите на финансирање кои значајно влијаеле, или би можеле значајно да влијаат, директно или индиректно, на работењето на издавачот**

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје нема никакви ограничувања во поглед на употребата на изворите на финансирање.

**10.5. Информација за очекуваните извори на средства потребни за финансирање на планираните инвестиции наведени во точките 5.2.3 и 8.1**

Неапликативно

## 11. ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ, ПАТЕНТИ И ЛИЦЕНЦИ

Не постојат значајни податоци за политиката на Друштвото за истражување и развој на нови производи, услуги и постапки, за последните 3 финансиски години.

## 12. ТРЕНДОВИ

Не постојат позначајни движења во врска со производството, продажбата, пронајдоците, трошоците и продажните цени за последната финансиска година и до денот на изготвување на проспектот.

## 13. ПРОГНОЗИРАЊЕ НА ПРОФИТОТ - опционо

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје нема да достави информација во врска со прогнозирање на профитот.

## 14. ОРГАНИ НА ИЗДАВАЧОТ

Управувањето со друштвото е организирано според едностепениот систем со одбор на директори. Одборот на директори го сочинуваат 5 (пет) члена, од кои четири се неизвршни членови на одборот на директори, еден од неизвршните е и независен член (во натамошниот текст: неизвршни членови) и еден Извршен член на Одборот на директори со назив што е вообичаен за вршење на функцијата Генерален директор (во натамошниот текст: Извршен директор). Членовите на одборот на директори ги избира и отповикува собранието на друштвото со мнозинство на гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на собранието со Статут. Членовите на



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво
ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ
Скопје

одборот на директори се избираат за време од 5 (пет) години, со можност повторно да бидат избрани без ограничување на можноста за реизбор. Пред да се пристапи кон избор на член на Одборот на директори за секој кандидат во писмена форма се објавуваат податоци за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации, работно искуство и како го стекнал, во кои друштва бил член на орган на управување, односно надзорен орган и други поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседувал во друштвото и во другите друштва, како и заемните и други обврски коишто ги има спрема друштвото. Податоците се достапни на секој акционер најдоцна седум дена пред собранието да пристапи кон избор.

Пред да се пристапи кон избор на членови на Одборот на директори, акционерите предлагаат кандидати за членови на Одборот на директори.

Одборот на директори, во рамките на овластувањата определени со Закон и Статутот и овластувањата што изречно му се дадени од Собранието, управува со друштвото. Одборот на директори има најшироки овластувања во управувањето со друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото и во дејствувањето во сите околности од името на друштвото, со исклучок на овластувањата што изречно им се дадени на неизвршните членови на Одборот на директори.

Одборот на директори во рамките на овластувањата ги врши следните работи:
1) донесува планови и програми за работа;
2) подготвува предлози за собранието и ги извршува неговите налози;
3) за задолжување со кредит, заем, залог, гаранција, за купување и отуѓување на основни средства и на имотот на друштвото чија што вредност е поголема од 50% од планираниот месечен вкупен приход;
4) донесува општи и поединечни акти чие донесување не е во надлежност на собранието, односно генералниот директор на друштвото;
5) одлучува како второстепен орган по приговорите и другите барања на работниците по основ на работа, доколку со закон или колективниот договор не е поинаку определено, која надлежност одборот на директори ја доверува на посебна постојана комисија за одлучување од втор степен за одлучување од работни односи, чиј состав, именување и замена на членови, ќе биде уреден со посебна одлука;
6)одлучува за ставање хипотека на друштвото, што подразбира воспоставување хипотека врз недвижниот имот кој е во сопственост на друштвото ;
7) донесува одлуки за службено патување во странство на генералниот директор на друштвото;
8) формира органи и работни тела како негови постојани или привремени тела за извршување на повремени или постојани работи од својот делокруг на работа со што се определува нивниот состав, надлежност и делокруг на работа;
9) донесува одлуки од различна проблематика во рамките на дејноста на друштвото, која не е ставена во надлежност на други органи;
10) се грижи за уредна и навремена изработка на периодични извештаи и годишна сметка на друштвото, и
11) врши други работи утврдени со закон, овој статут и други акти на друштвото.

За прашањата од својата надлежност Одборот на директори донесува акти во вид на одлуки, правилници, деловници, упатства, наредби и заклучоци.



**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мишев**

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

За секој договор или друга деловна активност на друштвото во којашто друштвото е странка и во којашто член на Одборот на директори има интерес дури и на посреден начин, мора да се постапи според одредбите за зделки со заинтересирана страна од Законот. Ако член или заинтересиран член на Одборот на директори дојде до сознание за таков договор или друга деловна активност каде друштвото е странка и во коишто член на Одборот на директори има интерес дури и на посреден начин, за тоа веднаш го известува Одборот на директори. Заинтересираниот член има право да биде сослушан но не може да учествува во расправата или во одлучувањето во врска со договорот или со другата правна работа ниту во донесувањето на одлуката за давање на одобрението во постапката за одобрување зделка со заинтересирана страна согласно Законот. Ако Одборот на директори односно собранието не дале одобрение или ако одлуката со којашто е дадено одобрението е незаконита, не можат да се истакнуваат барања спрема трети лица, освен ако друштвото докаже дека третото лице знаело за непостоењето на одобрението или за незаконитоста на одлуката или со оглед на сите околности морало да знае за тоа.

Членовите на одборот на директори имаат права и обврски утврдени со закон и Статутот и ги вршат правата и обврските во одборот во интерес на друштвото, имајќи ги во предвид интересите на акционерите и на вработените. Членовите на одборот на директори се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што се однесуваат на работењето на друштвото, а кои ги добиле како доверливи. Оваа обврска постои и продолжува да важи и по престанокот на членството во одборот на директори.

Детални податоци за лицата – членови на Одборот на директори на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **14.1.** | **Име и презиме и датум на раѓање** | **Паоло Босио** | |
| | **Деловна адреса** | ул. Перо Наков бр. 124, 1000 Скопје, Р.Северна Македонија | |
| | **Функција што ја врши кај Друштвото** | Генерален директор и Извршен член на Одбор на директори | |
| | **Податок за значајните активности на лицето надвор од работењето кај Друштвото (доколку тие активности се значајни за тоа друштво)** | Не постојат значајни активности на лицето надвор од работењето кај Друштвото кои се значајни за работењето на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје | |
| **14.2.** | **Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото** | Нема поврзаност со другите членови на Одбор на директори | |
| **14.3** | **Детални податоци** | | |
| **14.3.1.** | **Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство** | Од | До |
| | Генерален директор и Извршен член на Одбор на директори на Друштвото | 01.02.2024 | / |
| | Директор на транзитен ланец на снабдување Централен регион на ЕУ во Wabtec Транзит | 03/2022 | / |
| | Директор на ланец на снабдување на групација Faiveley Transport Wabtec Company | 03/2015 | 03/2022 |



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Директор на ланец на снабдување во Valeo SpA – Погонски системи Италија, Mondovì (CN) – Италија | 10/2010 | 03/2015 |
| | Директор за логистика и набавки во Valeo Service Italia Spa, Santena (TO) - Италија | 10/2005 | 10/2010 |
| | Директор за услуги и квалитет во Valeo Service Italia Spa | 07/2022 | 10/2005 |
| | Менаџер за маркетинг, услуги и комуникација во Valeo Service Italia Spa. | 07/2021 | 07/2022 |
| | Менаџер на пазарот за тешки и земјоделски машини во Valeo Ricambi Spa | 07/1998 | 07/2001 |
| | Менаџер за извозна продажба во Valeo Ricambi Spa | 05/1997 | 07/1998 |
| | Менаџер на производна група во Valeo Ricambi Spa | 09/1994 | 05/1997 |

| | | |
|---|---|---|
| **14.3.2.** | **Имињата на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или се содружници односно акционери во било кое време во последните пет години, наведувајќи дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер** | Лицето не било и не е член на одбор на директори односно управен и надзорен одбор или содружник односно акционер во друштво во било кое време во последните пет години. |
| **14.3.3.** | **Податок дали лицето било член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години** | Лицето не било член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години |
| **14.3.4.** | **Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на Друштвото во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)** | Лицето нема изречено мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на Друштвото во последните пет години |
| **14.3.5.** | **Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на Друштвото и во гласачката структура на Друштвото, со податок за износот на тоа учество** | Лицето нема учество во основната главнина на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| **14.1.** | **Име и презиме и датум на раѓање** | **Гвидо Ло Фасо** |
| | **Деловна адреса** | ул. Перо Наков бр. 124, 1000 Скопје, Р.Северна Македонија |



**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мишев**

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Функција што ја врши кај Друштвото** | Неизвршен член на Одбор на директори | |
| | **Податок за значајните активности на лицето надвор од работењето кај Друштвото (доколку тие активности се значајни за тоа друштво)** | Не постојат значајни активности на лицето надвор од работењето кај Друштвото кои се значајни за работењето на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје | |
| **14.2.** | **Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото** | Нема поврзаност со другите членови на Одбор на директори | |
| **14.3** | **Детални податоци** | | |
| **14.3.1.** | **Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство** | Од | До |
| | Член на одбор на директори во Друштвото | 15.06.2023 | / |
| | Потпретседател на операции за Централна Европа во Вабтек Корпорација | 01/2022 | / |
| | Генерален директор B&S Europe во Вабтек Корпорација | 01/2018 | 12/2021 |
| | Генерален директор во Фаивелеи-Италија | 01/2011 | 12/2017 |
| | Генерален директор Валео Дивизија | 10/2005 | 12/2010 |
| | Директор на погон- Rakovnik CZ | 01/2003 | 09/2005 |
| **14.3.2.** | **Имињата на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или се содружници односно акционери во било кое време во последните пет години, наведувајќи дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер** | Лицето е член на одбор на директори на следните друштва: Faiveley Transport Italy SpA, Poli и FTCZ. | |
| **14.3.3.** | **Податок дали лицето било член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години** | Лицето не било член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години | |
| **14.3.4.** | **Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на Друштвото во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)** | Лицето нема изречено мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на Друштвото во последните пет години | |
| **14.3.5.** | **Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на Друштвото и во гласачката** | Лицето нема учество во основната главнина на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје | |



**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мишев**

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

| | | |
|---|---|---|
| | **структура на Друштвото, со податок за износот на тоа учество** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **14.1.** | **Име и презиме и датум на раѓање** | **Марина Баима** | |
| | **Деловна адреса** | ул. Перо Наков бр. 124, 1000 Скопје, Р.Северна Македонија | |
| | **Функција што ја врши кај Друштвото** | Неизвршен член на Одбор на директори | |
| | **Податок за значајните активности на лицето надвор од работењето кај Друштвото (доколку тие активности се значајни за тоа друштво)** | Не постојат значајни активности на лицето надвор од работењето кај Друштвото кои се значајни за работењето на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје | |
| **14.2.** | **Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото** | Нема поврзаност со другите членови на Одбор на директори | |
| **14.3** | **Детални податоци** | | |
| **14.3.1.** | **Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство** | Од | До |
| | **Член на одбор на директори во Друштвото** | 15.06.2023 | / |
| | **Финансиски директор за Централна Европа во FIT** | 9 месеци | |
| | **Финансиски Директор B&S во FTI** | 5 години | |
| | **Финансиски директор во KSS Italia** | 2 години | |
| | **Финансиски директор во Mecaplast Italia** | 4 години | |
| | **Финансиски директор во Valeo** | 11 години | |
| **14.3.2.** | **Имињата на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или се содружници односно акционери во било кое време во последните пет години, наведувајќи дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер** | Лицето е член на одбор на директори на следните друштва: POLI srl и FAIVELEY TRANSPORT CZECH. | |
| **14.3.3.** | **Податок дали лицето било член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години** | Лицето не било член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години | |
| **14.3.4.** | **Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на Друштвото во последните пет години (со податок кога била** | Лицето нема изречено мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на Друштвото во последните пет години | |



**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мишев**

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

| | | |
|---|---|---|
| | **изречена мерката и до кога траела забраната)** | |
| **14.3.5.** | **Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на Друштвото и во гласачката структура на Друштвото, со податок за износот на тоа учество** | Лицето нема учество во основната главнина на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **14.1.** | **Име и презиме и датум на раѓање** | **Игор Андоноски** | |
| | **Деловна адреса** | ул. Перо Наков бр. 124, 1000 Скопје, Р.Северна Македонија | |
| | **Функција што ја врши кај Друштвото** | Неизвршен член на Одбор на директори | |
| | **Податок за значајните активности на лицето надвор од работењето кај Друштвото (доколку тие активности се значајни за тоа друштво)** | Не постојат значајни активности на лицето надвор од работењето кај Друштвото кои се значајни за работењето на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје | |
| **14.2.** | **Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото** | Нема поврзаност со другите членови на Одбор на директори | |
| **14.3** | **Детални податоци** | | |
| **14.3.1.** | **Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство** | Од | До |
| | Член на одбор на директори во Друштвото | 15.06.2023 | / |
| | Директор за човечки ресурси во Друштвото | 06/2021 | / |
| | Раководител на човечки ресурси и правен оддел во Parti Servis Leo (LL Food Factory) | 11/2017 | 06/2019 |
| **14.3.2.** | **Имињата на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или се содружници односно акционери во било кое време во последните пет години, наведувајќи дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер** | Лицето не било и не е член на одбор на директори односно управен и надзорен одбор или содружник односно акционер во друштво во било кое време во последните пет години. | |
| **14.3.3.** | **Податок дали лицето било член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години** | Лицето не било член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години | |
| **14.3.4.** | **Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на** | Лицето нема изречено мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на Друштвото во последните пет години | |



**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мишев**

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

| | | |
|---|---|---|
| | **Друштвото во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)** | |
| **14.3.5.** | **Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на Друштвото и во гласачката структура на Друштвото, со податок за износот на тоа учество** | Лицето нема учество во основната главнина на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **14.1.** | **Име и презиме и датум на раѓање** | **Борче Давитковски** | |
| | **Деловна адреса** | ул. Перо Наков бр. 124, 1000 Скопје, Р.Северна Македонија | |
| | **Функција што ја врши кај Друштвото** | Неизвршен и независен член на Одбор на директори | |
| | **Податок за значајните активности на лицето надвор од работењето кај Друштвото (доколку тие активности се значајни за тоа друштво)** | Не постојат значајни активности на лицето надвор од работењето кај Друштвото кои се значајни за работењето на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје | |
| **14.2.** | **Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото** | Нема поврзаност со другите членови на Одбор на директори | |
| **14.3** | **Детални податоци** | | |
| **14.3.1.** | **Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуство** | Од | До |
| | Член на одбор на директори во Друштвото | 26.07.2005 | / |
| | Професор на научната област управно право на Правниот факултет во Скопје | | |
| **14.3.2.** | **Имињата на друштвата во кои лицето е член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор или се содружници односно акционери во било кое време во последните пет години, наведувајќи дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер** | Лицето е член на Одбор на директори во Енерџи Деливери Солушнс ЕДС АД Скопје 3 години. | |
| **14.3.3.** | **Податок дали лицето било член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години** | Лицето не било член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години | |
| **14.3.4.** | **Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на** | Лицето нема изречено мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на Друштвото во последните пет години | |



**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мишев**

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

| | | |
|---|---|---|
| | **Друштвото во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната)** | |
| **14.3.5.** | **Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на Друштвото и во гласачката структура на Друштвото, со податок за износот на тоа учество** | Лицето нема учество во основната главнина на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје |

**14.4. Судир на интереси помеѓу членовите на одборот на директори односно на управниот и надзорниот одбор на издавачот**

**14.4.1. Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои овие лица ги имаат кај издавачот и нивните приватни интереси или други одговорности. Во случај доколку не постои судир на интереси, да се даде изјава дека не постои**

Не постои потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои лицата - членови на органите на управување на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје ги имаат кај Друштвото и нивните приватни интереси или други одговорности.

Согласно законската регулатива и интерните акти, во случај на постоење на судир на интереси при разгледување на конкретни одлуки, договори и активности, членовите на органите на Друштвото даваат писмена изјава за постоење на судир на интереси и не учествуваат во донесувањето на одлуката, склучувањето на договор или вршењето на друга деловна активност.

**14.4.2. Податок за постоењето на договор или соработка помеѓу овие лица и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што било кое од овие лица било избрано за член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на издавачот**

Не постои договор или соработка помеѓу членовите на Одборот на директори и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица.

**14.4.3. Детални податоци за постоењето на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членовите на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на издавачот ги поседуваат кај издавачот, во определен временски период, за што овие лица се согласиле.**

Како што е наведено во точката 14.3.5 погоре, членовите на Одборот на директори не поседуваат акции во ВАБТЕК МЗТ АД Скопје.



**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мишев**

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

## 15. ВРАБОТЕНИ

**15.1. Број на вработени и квалификациона структура на крајот од секоја година во последните три години и променетата состојба до денот на изготвување на проспектот. Доколку е можно и податок за географската распореденост на вработените.**

Бројот на вработените и квалификационата структура на крајот од 2021, 2022 и 2023 година, како и состојба на 30.06.2024 година и 30.09.2024 година се дадени со табелата во продолжение:

| Реден број | Степен на образование | Состојба на 31.12.2021 | Состојба на 31.12.2022 | Состојба на 31.12.2023 | Состојба на 30.06.2024 | Состојба на 30.09.2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Доктор на науки | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 2 | Магистер | 5 | 6 | 5 | 6 | 6 |
| 3 | ВСС | 74 | 86 | 99 | 101 | 102 |
| 4 | ВСШ | 3 | 3 | 5 | 1 | 1 |
| 5 | ССС | 167 | 160 | 181 | 188 | 186 |
| 6 | Останато | 84 | 87 | 92 | 92 | 91 |
| **Вкупен број на вработени** | | **334** | **343** | **383** | **389** | **387** |

**15.2. Ако издавачот има вработено значаен број на (привремени) сезонски работници, потребно е да се наведе и податок за просечниот број на овие вработени во текот на последната финансиска година.**

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје нема вработено привремени, односно сезонски работници.

## 16. ГОЛЕМИ АКЦИОНЕРИ

**16.1. Согласно сознанијата на издавачот, податоци за лицата (освен за оние кои се членови на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на издавачот) кои заедно со поврзаните лица, директно или индиректно, поседуваат повеќе од 5% од било кој род или класа на акции издадени од издавачот, заедно со висината на тоа учество (апсолутна вредност и релативна вредност во однос на основната главнина на издавачот и во однос на гласачката структура на издавачот). Ако нема такви лица или ако нема сознанија за такви лица да се даде соодветна негативна изјава.**

Согласно акционерската книга, Друштвото ВАБТЕК МЗТ АД Скопје е во 87,40% (70.181 обични акции) сопственост на POLI S.R.L. Италија и остатокот од 12,60% (10.114 обични акции) е во сопственост на останати помали акционери без поединечно учество од над 5%. На датумот да изготвување на Проспектот состојбата е непроменета.



**ВАБТЕК МЗТ АД Скопје**
**претставувано преку полномошник**
**Адвокат Иван Мишев**

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

## 16.2. Опис на било какви договори или други акти познати за издавачот, чија реализација на определен датум може да доведе до промена на контролата кај издавачот

Согласно сознанијата до денот на изготвување на Проспектот не постојат договори или други акти познати за Друштвото, чија реализација на определен датум може да доведе до промена на контролата кај Друштвото.

# 17. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СТРАНИ

## 17.1. Трансакции со поврзани страни во последните три години до денот на изготвување на проспектот со опис на природата на поврзаноста, обемот и целта на таквата трансакција. Во случај на заеми на поврзани лица кои сеуште не се подмирени да се наведе колку изнесува преостанатиот долг.

Странки поврзани со Вабтек МЗТ АД Скопје се: членовите на Одборот на директори, клучниот менаџерски персонал, акционерите кои остваруваат значајно влијание врз работењето на Вабтек МЗТ АД Скопје, подружниците на Вабтек МЗТ АД Скопје, како и субјектите побрзани со претходно наведените субјекти.

Во табелата подолу се прикажани трансакциите со поврзани страни во периодот 2021-2023 година, согласно ревидираните консолидирани финансиски извештаи:

| | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Приходи од продажба на готови производи и услуги (во 000 денари)** | | | |
| Акционери | 13.207 | 28.357 | 27.773 |
| Основно матично претпријатие | - | - | 970 |
| Подружници на основно матично претпријатие | 769.857 | 920.274 | 917.759 |
| Подружници | - | - | - |
| | **783.064** | **948.631** | **946.502** |
| **Набавки на материјали, трговски стоки и користење на услуги (во 000 денари)** | | | |
| Акционери | 2.120 | 532 | 87 |
| Основно матично претпријатие | 145.793 | 235.971 | 181.785 |
| Подружници на основно матично претпријатие | 557.058 | 419.595 | 238.654 |
| Подружници | - | - | - |
| | **704.971** | **656.098** | **420.526** |
| **Трансакции со клучниот менаџерски персонал (во 000 денари)** | | | |
| Клучен менаџерски персонал | 49.639 | 51.302 | 52.539 |
| | **49.639** | **51.302** | **52.539** |
| **Побарувања од поврзани странки (во 000 денари)** | | | |
| Акционери | 53.478 | 78.791 | 27.773 |
| Основно матично претпријатие | 527 | 527 | 7.200 |
| Подружници на основно матично претпријатие | 211.301 | 287.810 | 411.523 |
| Подружници | - | - | - |
| | **265.306** | **367.128** | **446.496** |
| **Обврски кон поврзани странки (во 000 денари)** | | | |
| Акционери | 3.570 | 4.103 | 4.240 |
| Основно матично претпријатие | 213.563 | 331.557 | 674.039 |



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подружници на основно матично претпријатие | 668.899 | 912.254 | 443.729 |
| Подружници | - | - | - |
| | **886.032** | **1.247.914** | **1.122.008** |
| **Кредити од акционери (во 000 денари)** | | | |
| На почетокот на периодот | 1.529.601 | 1.569.981 | 1.611.067 |
| Земени кредити | - | - | 2.479.758 |
| Расходи за камати | 42.085 | 44.595 | 91.859 |
| Курсни разлики | (1.705) | (3.509) | (16) |
| Платени кредити | - | - | (1.617.512) |
| **На 31 декември** | **1.569.981** | **1.611.067** | **2.565.156** |

## 17.2. Процентот на трансакциите со поврзани страни во вкупниот обрт на издавачот

Трансакциите помеѓу Вабтек МЗТ и Поли се однесуваат за набавка на материјали и за продажба на готови производи сопирачки и сопирачка опрема за шински возила.

Процентот на трансакциите со поврзани страни во вкупниот обрт, односно процентот на учеството на продажбите на готови производи во вкупните продажби на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје е даден преку табеларниот приказ во продолжение:



ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
претставувано преку полномошник
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво
ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ
Скопје

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 26.464.617,89 | 22.494.925,20 | 30.145.138,21 | 25.623.367,4<br>8 | 39.042.536,59 | 33.186.156,10 |

| Друштво | Опис на трансакцијата | 2021 EUR | 2021% | 2022 EUR | 2022% | 2023 EUR | 2023% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Поли СРЛ Италија | Набавка и % од вкупна набавка | 15.500,09 | 0,07% | 9.591,00 | 0,04% | 1.420,00 | 0,004% |
| Поли СРЛ Италија | Продажба и % од вкупна продажба | 214.070,70 | 0,81% | 410.711,50 | 1,36% | 451.635,00 | 1,16% |
| Faiveley Transport Witten Gmbh | Набавка и % од вкупна набавка | 229.142,92 | 1,02% | 24.323,66 | 0,09% | 74.320,83 | 0,224% |
| Faiveley Transport Witten Gmbh | Продажба и % од вкупна продажба | 7.322.995,08 | 27,67% | 7.582.325,47 | 25,15% | 7.192.299,84 | 18,42% |
| WABTEC SOUTH AFRICA | Набавка и % од вкупна набавка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| WABTEC SOUTH AFRICA | Продажба и % од вкупна продажба | 1.391.368,21 | 5,26% | 1.040.919,92 | 3,45% | 1.257.030,8<br>9 | 3,22% |
| WABTEC POLAND | Набавка и % од вкупна набавка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| WABTEC POLAND | Продажба и % од вкупна продажба | 1.348.046,56 | 5,09% | 858.171,33 | 2,85% | 468.766,00 | 1,20% |
| Faiveley Transport Amiens Sas | Набавка и % од вкупна набавка | 5.692.481,29 | 25,31% | 1.549.047,10 | 6,05% | 809.791,93 | 2,44% |
| Faiveley Transport Amiens Sas | Продажба и % од вкупна продажба | 566.959,25 | 2,14% | 2.111.409,05 | 7,00% | 3.823.156,0<br>9 | 9,79% |
| Faiveley Transport Rail Technologie | Набавка и % од вкупна набавка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Faiveley Transport Rail Technologie | Продажба и % од вкупна продажба | 477.067,89 | 1,80% | 405.794,95 | 1,35% | 287.428,32 | 0,74% |
| WABTEC FAIVELEY UK BRUSH TRACTION | Набавка и % од вкупна набавка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| WABTEC FAIVELEY UK BRUSH TRACTION | Продажба и % од вкупна продажба | 468.880,42 | 1,77% | 317047,495 | 1,05% | 0 | 0 |
| WABTEC PASSENGER TRANSIT | Набавка и % од вкупна набавка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| WABTEC PASSENGER TRANSIT | Продажба и % од вкупна продажба | 461.001,67 | 1,74% | 456.118,26 | 1,51% | 778.914,18 | 2,00% |
| WABTEC FAIVELEY RAILY SISTEMLERI | Набавка и % од вкупна набавка | 1.006.810,35 | 4,48% | 343.097,94 | 1,34% | 0 | 0 |



Адвокатско друштво

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| WABTEC FAIVELEY RAILY SISTEMLERI | Продажба и % од вкупна продажба | 276.404,37 | 1,04% | 63.602,19 | 0,21% | 0 | 0 |
| Wabtec Faiveley UK BIRKHENHEAD | Набавка и % од вкупна набавка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Wabtec Faiveley UK BIRKHENHEAD | Продажба и % од вкупна продажба | 154.461,61 | 0,58% | 196.008,54 | 0,65% | 176.391,50 | 0,45% |
| Faiveley Transport Sweden | Набавка и % од вкупна набавка | 117.422,66 | 0,52% | 301.346,76 | 1,18% | 855.767,60 | 2,58% |
| Faiveley Transport Sweden | Продажба и % од вкупна продажба | 100,32 | 0,0004% | 11.613,93 | 0,04% | 5.602,00 | 0,01% |
| Becorit GmbH | Набавка и % од вкупна набавка | 61.195,63 | 0,27% | 234.755,18 | 0,92% | 412.999,50 | 1,24% |
| Becorit GmbH | Продажба и % од вкупна продажба | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| WABTEC MTC METALOCAUCHO S.L. | Набавка и % од вкупна набавка | 56.596,24 | 0,25% | 41.778,42 | 0,16% | 30.683,88 | 0,09% |
| WABTEC MTC METALOCAUCHO S.L. | Продажба и % од вкупна продажба | 240,76 | 0,0009% | 0 | 0 | 340 | 0,0009% |
| FAIVELEY TRANSPORT CZECH | Набавка и % од вкупна набавка | 294.824,02 | 1,31% | 1.422,66 | 0,01% | 0 | 0 |
| FAIVELEY TRANSPORT CZECH | Продажба и % од вкупна продажба | 1.153,63 | 0,0044% | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Brecknell Willis – A Division of Wabtec UK Limited | Набавка и % од вкупна набавка | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.224.041,37 | 9,72% |
| Brecknell Willis – A Division of Wabtec UK Limited | Продажба и % од вкупна продажба | 0 | 0 | 0 | 0 | 182.198,64 | 0,4667% |
| Wabtec Rubber | Набавка и % од вкупна набавка | 24.684,13 | 0,11% | 8.373,30 | 0,03% | 0 | 0 |
| Wabtec Rubber | Продажба и % од вкупна продажба | 46,22 | 0,0002% | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Faiveley Transport Italia | Набавка и % од вкупна набавка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Faiveley Transport Italia | Продажба и % од вкупна продажба | 0 | 0 | 55.292,34 | 0,18% | 68.620,40 | 0,1758% |
| WABTEC AUSTRALIA PTU LTD | Набавка и % од вкупна набавка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| WABTEC AUSTRALIA PTU LTD | Продажба и % од вкупна продажба | 70.044,50 | 0,2647% | 93.123,81 | 0,31% | 28.680,00 | 0,0735% |
| Wabtec India Industrial Private Limited | Набавка и % од вкупна набавка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Адвокатско друштво

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Wabtec India Industrial Private Limited | Продажба и % од вкупна продажба | 10.028,40 | 0,0379% | 20.471,93 | 0,07% | 28.584,74 | 0,0732% |
| WABTEC BEIJING Huaxia | Набавка и % од вкупна набавка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| WABTEC BEIJING Huaxia | Продажба и % од вкупна продажба | 78.773,00 | 0,2977% | 77.114,78 | 0,26% | 23.947,00 | 0,0613% |
| Wabtec Mozambique, Limitada | Набавка и % од вкупна набавка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Wabtec Mozambique, Limitada | Продажба и % од вкупна продажба | 38.521,18 | 0,1456% | 13.990,33 | 0,05% | 20.136,68 | 0,0516% |
| WABTEC RAIL LIMITED | Набавка и % од вкупна набавка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| WABTEC RAIL LIMITED | Продажба и % од вкупна продажба | 226.740,50 | 0,8568% | 30.834,54 | 0,10% | 20.000,00 | 0,0512% |
| Transportation Global LLC - Kazakhstan Branch. | Набавка и % од вкупна набавка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Transportation Global LLC - Kazakhstan Branch. | Продажба и % од вкупна продажба | 61.171,16 | 0,2311% | 113.564,78 | 0,38% | 6.821,12 | 0,0175% |

Адвокатско друштво
ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ
Скопје

# 18. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

## 18.1. Финансиски извештаи

Составен дел од Проспектот се ревидирани консолидирани финансиски извештаи за последните три години (2021, 2022 и 2023 година) изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување и независно ревизорско мислење за последните три години изготвено согласно Меѓународните стандарди за ревизија.

Ревидираните консолидирани финансиски извештаи содржат:
(а) биланс на состојба
(б) биланс на успех
(в) извештај за промени на главнината
(г) извештај за паричните текови
(д) сметководствени политики и објаснувачки белешки.

## 18.2. Ревизија на годишните финансиски извештаи

### 18.2.1. Посочување дека финансиските извештаи се ревидирани и наведување на извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на издавачот за последните три години;

Финансиските извештаи за последните три години (2021, 2022 и 2023 година) се ревидирани и заедно со извештаите на ревизорите за финансиските извештаи на Друштвото се составен дел на Проспектот (Прилог бр.1, Прилог бр.2 и Прилог бр.3).

### 18.2.2. Посочување на други информации во проспектот кои биле ревидирани од независен ревизор;

Освен приложените ревидирани финансиски извештаи за последните три години (2021 година – Прилог бр.1, 2022 година – Прилог бр.2 и 2023 година – Прилог бр.3), не постојат други информации кои се содржани во Проспектот, а кои се ревидирани од независен ревизор.

### 18.2.3. Секаде во проспектот каде што се прикажуват финансиски податоци кои не се земени од ревидираните финансиски извештаи на издавачот, задолжително се посочува изворот од каде се користени тие податоци и се посочува дека истите не се ревидирани.

Секаде во Проспектот каде што се прикажани финансиски податоци кои не се земени од ревидираните финансиски извештаи, е посочено дека тие податоци не се ревидирани.

## 18.3. Периодични и други финансиски информации

### 18.3.1. Доколку издавачот објавил квартални или полугодишни финансиски извештаи од датумот на неговите последни ревидирани финансиски извештаи, истите треба да бидат вклучени во проспектот. Ако кварталните или полугодишните финансиски информации/извештаи биле проверени или ревидирани од овластен ревизор, извештајот на ревизорот задолжително се прикажува во проспектот. Ако кварталните или полугодишните финансиски информации/извештаи не биле проверени или ревидирани од овластен ревизор, во проспектот задолжително се наведува тој факт;

Составен дел од Проспектот се неревидираните биланс на состојба, биланс на успех, извештај за паричните текови и извештај за промени во капиталот за периодот 01.01-

Адвокатско друштво
ПАПАЗОСКИ И ...ЕВ
Скопје

30.06.2024 (Прилог бр. 4) и неревидираните биланс на успех за периодот 01.01-30.09.2024 (Прилог бр.5).

**18.3.2. Доколку проспектот е од датум по завршување на девет месеци од датумот на последните годишни финансиски извештаи кои биле ревидирани, задолжително содржи периодични финансиски извештаи, кои може да бидат неревидирани (при што задолжително се наведува дека истите не се ревидирани), а кои се однесуваат најмаку на периодот од првото полугодие на финансиската година;**

Бидејќи Проспектот е од датум по завршување на девет месеци од датумот на последните годишни финансиски извештаи, составен дел на Проспектот се неревидираните биланс на состојба, биланс на успех, извештај за паричните текови и извештај за промени во капиталот за периодот 01.01-30.06.2024 (Прилог бр. 4) и неревидираните биланс на успех за периодот 01.01-30.09.2024 (Прилог бр.5).

**18.3.3. Периодичните финансиски извештаи треба да ги вклучат и споредбените извештаи за истиот период од претходната финансиска година, освен за билансот на состојба кај кој за споредба може да се земе и состојбата од крајот на последната финансиска година.**

Неревидираните биланс на состојба, биланс на успех, извештај за паричните текови и извештај за промени во капиталот за периодот 01.01-30.06.2024 (Прилог бр. 4) и неревидираниот биланс на успех за периодот 01.01-30.09.2024 (Прилог бр.5) содржат споредбени податоци за состојбата од крајот на последната финансиска година (за билансот на состојба) и за истиот период претходната година (за билансот на успех).

**18.4. Дивидендна политика**

**18.4.1. Опис на политиката на издавачот за распределба на дивиденда и на какви било ограничувања во поглед на истата.**

Сопствениците на обичните акции имаат право на дел од добивката (дивиденда) на Друштвото која се исплатува зависно од остварената добивка. Друштвото нема усвоено дивидендна политика.

**18.4.2. Износ на исплатена дивиденда по акција за последните три финансиски години, соодветно прилагодена во случаи на промени на бројот на акциите на издавачот, заради споредливост на податоците**

Со оглед дека во последните три финансиски години (2021, 2022 и 2023 година), ВАБТЕК МЗТ АД Скопје реализираше негативен финансиски резултат (загуба), Друштвото нема исплатено дивиденда за соодветните години.

**18.5. Правни постапки**

Не постојат било какви постапки (административни, судски и други законски постапки), вклучувајќи ги и потенцијалните постапки или постапките кои се во тек за кои издавачот е запознаен, за период од 12 месеци кои може да имаат или имале во неодамнешното минато значајно влијание на финансиската положба или на профитабилноста на издавачот односно на групацијата на издавачот (нивната вредност изнесува најмалку 5% од вредноста на капиталот на друштвото).

Адвокатско друштво ПАНОВСКИ И МИШЕВ Скопје

### 18.6. Значајни промени во финансиската или трговската положба на издавачот

Нема значајна промена на финансиската или трговската положба на групацијата на издавачот која се случила во периодот по завршување на последната финансиска година за која се објавени ревидирани финансиски извештаи или по завршување на последното полугодие за кое се објавени периодични финансиски извештаи.

## 19. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

### 19.1. Податоци за капиталот на издавачот

#### 19.1.1. Износ на основната главнина и број, род и класа на хартиите од вредност од кои се состои основната главнина, со состојба на денот на последниот биланс на состојба вклучен во проспектот и состојба по промени во основната главнина што настанале по изготвувањето на последниот биланс на состојба до денот на изготвување на проспектот

Со состојба од 31.12.2023 година и со состојба од крајот на првото полугодие и третото тромесечие од 2024 година, основната главнина на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје се состои од 80.295 обични акции со поединечна номинална вредност од 51,13 евра. Со состојба од денот на изготвување на Проспектот, податоците се непроменети. Според последната тековна состојба издадена од страна на Централниот регистар во Скопје, основната главнина изнесува 4.105.417,00 евра, односно 210.464.358,00 денари.

#### 19.1.2. Износот на издадените конвертибилни хартии од вредност и хартии од вредност со варанти, со опис на условите и процедурите на конверзија или запишување;

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје нема издадено конвертибилни хартии од вредност и хартии од вредност со варанти.

#### 19.1.3. Податоци за тоа дали органот на управување е овластен со Статутот на издавачот да ја зголеми основната главнина (одобрен капитал) и податок за износот на одобрениот капитал и за периодот за кој важи одредбата на Статутот за одобрен капитал

Органот на управување не е овластен со Статутот на Друштвото да ја зголеми основната главнина (одобрен капитал).

#### 19.1.4. Во случаи кога барањето за одобрение се однесува на акции од втора или од наредна емисија, во проспектот се наведуваат и следните податоци

Во периодот по регистрирањето на Друштвото во Трговскиот Регистар, ВАБТЕК МЗТ АД Скопје нема направено дополнителни емисии на хартии од вредност (покрај основачката, прва емисија).

а) износот на претходните емисии: 80.295 обични акции.

б) видот и количината на претходно издадените хартии од вредност, со опис на правата кои произлегуваат од нив и нивната номинална вредност:

- Вид и количина: 80.295 обични акции;
- Опис на правата кои произлегуваат од нив: Обичните акции имаат право на глас во Собранието на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје по принцип една акција еден глас, право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата односно стечајната маса на Друштвото;
- Номинална вредност: Номиналната вредност на една обична акција изнесува 51,13 евра.

Адвокатско друштво
ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ
Скопје

## 19.2. Статут на издавачот и основачки акти
## 19.2.1. Предмет на работење на издавачот согласно Статутот

Основна дејност е:
- 30.20 Производство на железнички локомотиви и шински возила

Покрај основната дејност Друштвото ги врши и следните дејности од Националната класификација на дејностите:

25 Производство на производи од гума и производи од пластични маси
25.1 - Производство на производи од гума;
28 - Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди;
28.1 - Производство на метални конструкциски производи;
28.2 - Производство на цистерни, резервоари и контејнери од метал; производство на котли и радијатори за централно греење со топла вода;
28.4 - Ковање, пресување, штанцување и валање на метали: металургија на прав;
28.5 - Обработка и пресвлекување на метали; општи машински работи;
28.6 - Производство на сечила, алати и метална стока за општа намена;
28.7 - Производство на други фабрикувани метални производи;

29 Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место
29.1 - Производство на машини за производство и користење на механичка енергија, освен мотори за авиони, возила, мотоцикли и мопеди;
29.2 - Производство на други машини за општа намена;
29.5 - Производство на други машини за специјални намени;

31 - Производство на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место
31.6 - Производство на друга електрична опрема, неспомната на друго место;

34 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
34.3 - Производство на делови и прибор за моторни возила и за нивните мотори;

36. - Производство на мебел и други разновидни производи, неспомнати на друго место
36.1 - Производство на мебел;
36.4 - Производство на предмети за спортски потреби;
36. 6 - Друго производство на разновидни предмети, неспомнати на друго место;

51 Трговија на големо и посредничка трговија, освен трговија со моторни возила и мотоцикли;
51.5 - Трговија на големо со репродукционен материјал, отпадоци и остатоци;
51.6 - Трговија на големо со машини, опрема и уреди

70 - Активности во врска со недвижен имот
70.2 - Издвање на сопствен недвижен имот;

72 - Компјутерски и сродни активности
72.1 - Консултации во врска со хардвер;
72.2 - Консултации и понуди на софтвер;
72.4 - Бази на податоци;
72.6 - Други компјутерски активности;

73 - Истражување и развој

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

73.1 - Истражување и експериментален развој во природните науки и технолошки развој;

74 - Други деловни активности
74.1 - Правни, сметководствени, книговодствени и работи на проверка на сметките и билансите; консултантски активност во врска со данокот; испитување на пазарот и јавното мислење; деловни и менаџмент консултантски активности; холдинг (освен 74.11 - Правни работи и 74.15 Управувачки активности на холдинг компаниите);
74.2 - Архитектонски и инженерски активности и соодветни технички услуги;
74.3 - Техничко испитување и анализа;
74.8 - Разновидни деловни активности, неспомнати на друго место.

Во надворешно - трговскиот промет друштвото ќе ги врши следните дејности:

- Надворешна трговија со прехранбени производи;
- Надворешна трговија со непрехранбени производи;
- Меѓународна шпедиција;
- Посредништво;
- Вршење комисиони работи во областа на прометот и сообраќајот и сл.;
- Вршење на малограничен промет на стоки и услуги со: Бугарија, Грција, Србија и Црна Гора и Албанија;
- Реекспорт;
- Изведување на сите видови инвестициони работи во странство;
- Вршење на сите работи на посредување во надворешно-трговскиот промет;

Вршење на надворешниот промет што се однесува на заклучување на договори за повисоки фирми и соработка (договор за лиценци, кооперација и сл.)

**19.2.2. Опис на правата, предностите и ограничувањата кои произлегуваат од секоја класа на акции издадени од издавачот**

Секоја обична акција на сопственикот му дава:
- Право на глас во Собранието на Друштвото
- Право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
- Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото

Секоја акција која дава право на глас, дава право на еден глас во Собранието на Друштвото. Обичните акции носат право на дивиденда која се исплатува зависно од остварената добивка.

**19.2.3. Опис на дејствието кое треба да биде преземено за промена на некое од правата на сопствениците на акции, при што ќе биде посочено дали условите за таковото дејствие се построги во однос на законот или не;**

Кога на Собранието на Друштвото се одлучува за прашања со кои се менува или ограничува кое било право врзано за некој род на акции и за случаите утврдени со закон, одлуката се смета за полноважна ако акционерите кои го претставуваат соодветниот род на акции дадат согласност со донесување на одлука. Оваа одлука во зависност од точките на дневен ред на Собранието,по оценка на органот што го свикува Собранието, може да се донесе на истото Собрание со одвоено гласање на овие акционери, или на посебно собрание. Одлуката се донесува со мнозинство не помало од 2/3 од акциите претставени на Собранието.

Со Статутот на Друштвото не се предвидени построги услови во однос на законската регулатива.

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

**19.2.4. Опис на условите за свикување годишно собрание и вонредно собрание на акционери, вклучувајќи и податоци за начинот на кој акционерите го пријавуваат своето учество;**

Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на собранието, освен ако со Законот за трговските друштва (во натамошниот текст-Законот) не е поинаку определено. На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот, му припаѓа право на учество во работата на собранието и право на глас, освен ако со Законот поинаку не е определено. Членовите на Одборот на директори учествуваат во работата на собранието без право на глас, освен ако се акционери.

Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото собрание е должен да го пријави своето учество на собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание. Списокот на пријавените акционери го подготвува Одборот на директори, односно лицето овластено за свикување на собранието. Списокот се става на увид во седиштето на друштвото.

Секој акционер може да учествува во работењето и одлучувањето на собранието лично или да овласти со полномошно свој полномошник. Овластувањето на полномошникот се дава со потпишување на писмено полномошно. За полномошник не може да биде определен:

- член на Одборот на директори или член на неговото потесно семејство;
- раководно лице во друштвото или член на неговото потесно семејство;
- член на одбор на директори од поврзани или зависни друштва со друштвото;
- застапник по закон или друго овластено физичко лице од друштвото или од друго правно лице што е во сопственост на друштвото и
- вработен или овластен ревизор во друштвото.

Полномошно, по правило, се издава за едно собрание. Полномошното може да се откаже еднострано, без наведување на причините, од акционерот или од полномошникот, со доставување писмено известување до другата страна. Ако акционерот лично го евидентира своето присуство на собранието се смета дека полномошното на полномошникот му е откажано и акционерот може своето право на глас да го остварува без ограничување, лично.

Собранието се свикува со објавување јавен повик до акционерите. Јавниот повик се објавува најмалку во еден дневен весник. Рокот кој што тече од денот на објавувањето на јавниот повик до денот на одржувањето на собранието не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на собранието.

Јавниот повик за свикување собрание ги содржи следните податоци:

- Фирмата и седиштето на друштвото;
- Местото и датумот на одржување на собранието;
- Други процедурални формалности, пропишани со Статут, што се од значење за присуство на собранието и за начинот на гласањето;
- Дневниот ред според кој ќе работи Собранието и
- Начинот на којшто се достапни материјалите што се подготвени за Собранието коешто е свикано.

Материјалите мораат да бидат достапни до акционерите од денот на објавувањето на јавниот повик.

Годишното собрание го свикува Одборот на директори најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИЦЕВ Скопје

шест месеци од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание. Ако Одборот на директори не го свика годишното собрание навреме, собранието без одлагање го свикува неизвршните членови на Одборот на директори. Ако годишното собрание не го свика неизвршните членови на Одборот на директори или ако од кои било други причини не се одржи во рокот определен погоре, одлука за свикување на годишното собрание може да донесе судот по предлог на кој било акционер.

Кога тоа го бара интересот на друштвото и на акционерите, во времето меѓу две годишни собранија може да се свика собрание. Одборот на директори односно неизвршните членови на Одборот на директори може, кога тоа е предвидено со Законот, по своја иницијатива или по барање на акционер, да донесат одлука за свикување собрание.

Барање за свикување собрание можат да поднесат акционери кои имаат најмалку една десетина од сите акции со право на глас. Барањето се доставува до Одборот на директори во седиштето на друштвото, потпишано од акционерите кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акциите со право на глас. Одборот на директори, во рок од осум дена од денот на приемот на барањето на акционерите за свикување собрание, донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради коишто е така одлучено. Ако по барањето на акционери кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас, Одборот на директори не свика собрание во рок од 24 часа од денот на поднесувањето на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување собрание до судот.

Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас.

Собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред. Собранието може да расправа, без право на одлучување и за прашања коишто не се уредно ставени на дневен ред. Секој акционер има право во кое било време да поднесува иницијативи за вклучување точки во дневниот ред на собрание коешто ќе биде свикано. Акционери кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да бараат дополнување на дневниот ред со вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собрание коешто веќе е свикано. Барањето се испраќа до свикувачот на Собранието, односно до лицето одредено од судот да свика собрание, во согласност со Законот и тоа во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество во собранието.

За работата на Собранието на друштвото се води записник, на начин и со содржина утврдена во статутот. За записничар и заверувач на записник не може да биде избран член на Одборот на директори, ниту претседавачот со собранието. Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот со собранието, а го заверуваат заверувачи на записник. Секој акционер може да бара од извршните членови на Одборот на директори, издавање копија на записникот од собранието на негов трошок кој неможе да биде поголем од стварните трошоци. Кога записникот го води нотар, записникот се подготвува најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишува нотарот и претседавачот со собранието. Нотарот кој го водел записникот издава копија од истиот по барање на акционерите. Записниците заедно со прилозите се чуваат најмалку десет години.

Адвокатско друштво

**19.2.5. Опис на условите утврдени во Статутот или друг акт на издавачот со кои се регулира промената на основната главнина, кога тие услови се построги од оние пропишани со закон.**

Зголемување и намалување на основната главнина се врши согласно Законот за трговските друштва односно се донесува со мнозинство на гласови кое не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени во Собранието.

Со Статутот на Друштвото не се предвидени построги услови во однос на законската регулатива.

## 20. ДОГОВОРИ ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИЗДАВАЧОТ

**Податоци за секој договор (надвор од секојдневното работење на издавачот) кој е од суштинско значење за работењето на издавачот, а во кој како договорна страна се јавува издавачот или друг член на групата (ако издавачот е дел од група), за последните две години кои му претходат на изготвувањето на проспектот.**

Не постои договор надвор од секојдневното работење на Друштвото, кој е од суштинско значење за работењето, а во кој како договорна страна се јавува ВАБТЕК МЗТ АД Скопје.

## 21. ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ТРЕТИ ЛИЦА И ИЗВЕШТАИ ОД ЕКСПЕРТИ И ИЗЈАВА ЗА БИЛО КАКОВ ИНТЕРЕС

**21.1. Кога во проспектот е вклучен извештај од трето лице - експерт, да се наведат податоци за тоа лице и тоа: име и презиме, деловна адреса, кавалификации и податок дали лицето има материјален интерес кај издавачот. Податок во кој контекст и во која форма се употребува извештајот на тоа лице и согласност од лицето кое ја потврдило содржината на тој дел од проспектот**

Во Проспектот не е вклучен извештај од трето лице-експерт.

**21.2. Кога извор на определена информација е некое трето лице, потребно е да се обезбеди потврда дека таа информација е точно и прецизно репродуцирана и дека согласно можностите и сознанијата на издавачот не е прикриен ниту еден факт кој би ги направил репродуцираните информации нецелосни или неточни. Да се наведе и изворот на информациите.**

Во Проспектот не е вклучена информација чиј извор е трето лице.

## 22. УЧЕСТВО ВО ДРУГИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА

**Информација за учеството на Друштвото во капиталот на други друштва што може да има значително влијание на проценката на неговите средства и обврски, финансиската положба или добивките и загубите**

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје го има следново учество во капиталот на други друштва во периодот 2021-30.09.2024 година:

| | 2021 | 2022 | 2023 | 30.06.2024 | 30.09.2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| Wabtec Poland Sp. Z.o.o | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |



Адвокатско друштво
ПАПАЗОСКИ И МИЦЕВ
Скопје

Износот на вложувањето изнесува 810 илјади денари.

## 23. ПОДАТОЦИ ЗА ПОНУДАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### 23.1. Причини за понудата и намена на средствата што ќе се приберат со понудата Информации за причините поради кои се врши понудата и за очекуваниот нето износ на средства кои ќе се приберат врз основа на истата со податок за поединечните цели подредени по приоритет за кои ќе бидат наменети прибраните средства.

Причината поради која што се врши понудата на акции е зголемување на основниот капитал на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје и обезбедување на оптимална капитализираност во наредниот период која ќе овозможи надминување на финансиските предизвици кои произлегуваат од отплатата на долгови по основ на заеми. Докапитализацијата истовремено ќе овозможи понатамошен непречен раст и развој на Друштвото.

### 23.2. Општи податоци за хартиите од вредност

#### 23.2.1. Бројот и датумот на актот за продажба на корпоративни обврзници

Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за производство на сопирачка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје со II-ра (втора) емисија на обични акции број 02-472/1 од 05.08.2024 година.

#### 23.2.2. Податоци за согласностите и одобренијата врз основа на кои хартиите од вредност ќе бидат издадени;

Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за производство на сопирачка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје со II-ра (втора) емисија на обични акции број 02-472/1 од 05.08.2024 година

Оваа емисија е одобрена со решение од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија бр. УП 1 10-16 од 29.05.2025 година.

Во услови на успешно завршување на јавната понуда, односно по запишувањето на акциите во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Друштвото ќе изврши усогласување на Статутот на Друштвото.

#### 23.2.3. Бројот на хартии од вредност што се предмет на продажба и номиналната вредност на хартиите од вредност (поединечна и вкупна номинална вредност на емисијата);

Со II-рата (втората) емисија на акции се издаваат 49.000 обични акции по номинална вредност од 51,13 евра по акција, односно вкупна номинална вредност од 2.505.370,00 евра.

Адвокатско друштво

### 23.2.4. Закони врз основа на кои се продаваат хартиите од вредност

Хартии од вредност се издаваат врз основа на Законот за трговски друштва и Законот за хартии од вредност (и сите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност кои се однесуваат на издавањето на хартии од вредност).

### 23.2.5. Назив и адреса на субјектот каде се регистрираат хартиите од вредност

Промената на сопственост на хартиите од вредност предмет на јавната понуда се регистрира во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје – ЦДХВ АД Скопје, со седиште на ул. "Кузман Јосифовски Питу" бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

### 23.2.6. Времето и начинот на предавањето на хартиите од вредност за регистирање кај овластен депозитар;

Друштвото ќе го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар во рок од 8 (осум) дена од успешното завршување на II-рата (втората) емисија на акции.

Друштвото ќе ги предаде акциите од II-рата (втората) емисија за регистрирање во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје во рок од 3 (три) работни дена од денот на уписот на основната главнина во трговскиот регистар.

Депозитарот во рок од 2 (дена) по добивањето на решението за упис на основната главнина, односно известувањето за запишани и платени хартии од вредност врши порамнување, односно распределба на акциите на сметките на сите инвеститори кои успешно запишале и уплатиле акции од II-рата (втората) емисија по пат на јавна понуда.

### 23.2.7. Податоци за оданочувањето на приходите од хартиите од вредност

Податоци за оданочувањето на приходите од хартиите од вредност за домашни и странски правни лица:

Согласно член 2 од Законот за данокот на добивка, стапката на данокот на добивка изнесува 10%.

Согласно член 4 од Законот за данокот на добивка, обврзник на данокот на добивка е правно лице резидент на Република Северна Македонија кој остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство. Резидент, во оваа смисла е субјектот кој е основан или има седиште на територијата на Република Северна Македонија.

Согласно член 5 од Законот за данокот на добивка, обврзник на данокот на добивка е и постојана деловна единица на странско лице за добивката што ја остварува од вршење на дејност на територијата на Република Северна Македонија.

Согласно член 7 од Законот за данокот на добивка, основа за пресметување на данокот од добивка е добивката која се утврдува во даночниот биланс. Основа за пресметување на данокот од добивка се утврдува како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник во износи утврдени согласно со прописите за сметководството и сметководствените стандарди, зголемена за непризнаените расходи.

Согласно член 20 од Законот за данокот на добивка, освен ако поинаку не е регулирано со Меѓународните договори за одбегнување на двојно оданочување, лицата кои вршат исплата на приходи на странско правно лице се должни при исплатата на приходот да

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И [illegible] Скопје

го задржат и да го уплатат данокот на соодветната уплатна сметка истовремено со исплатата на приходот.

Согласно член 21 од Законот за данокот на добивка, задржувањето на данок се применува на приходот од дивиденди.

Согласно член 22 од Законот за данокот на добивка, данокот што ќе се задржи за странско правно лице, се пресметува на бруто приходите по стапка од 10%.

Податоци за оданочување на приходите на хартиите од вредност за домашни и странски физички лица:

Согласно член 5 од Законот за данокот на личен доход, даночен обврзник на данокот на доход е секое физичко лице резидент на Република Северна Македонија за доходот што го остварува во земјата и во странство. Резидент во смисла на овој закон е физичко лице кое на територијата на Република Северна Македонија има постојано живеалиште или престојувалиште. Резидентот има престојувалиште ако на територијата на Република Северна Македонија престојува непрекинато или со прекини 183 или повеќе дена во кој било 12-месечен период.

Согласно член 7 од Законот за данокот на личен доход, обврзник на данокот на доход е и физичко лице кое не е резидент на Република Северна Македонија за доходот што е остварен на територијата на Република Северна Македонија.

Според член 11 од Законот за данокот на личен доход, данокот на доход од капитал и капитални добивки се плаќа по единствена стапка од 10%.

Согласно член 3 од Законот за данокот на личен доход, под личен доход се подразбираат доходот од капитал и капиталните добивки.

Согласно член 55 од Законот за данокот на личен доход, под доход од капитал се подразбираат дивиденди и друг доход остварен со учество во добивката кај правните лица. Основа за пресметување на данокот на доход од дивиденда претставува износот на бруто-дивидендите, односно доходот од учество во добивката, распределени на обврзникот (член 57 од истиот Закон).

Согласно член 58 од Законот за данокот на личен доход, под капитална добивка се подразбира разликата помеѓу продажната и набавната цена при продажба или размена на хартии од вредност и учество во капиталот. Основа на данокот на доход од капитални добивки претставува разликата помеѓу продажната цена на хартиите од вредност и учеството во капиталот, и нивната куповна (набавна) цена (член 60 од истиот Закон).

**23.3. Податоци за сопственичките хартии од вредност**

**23.3.1. Опис на видот и класата на хартии од вредност кои се издаваат, вклучувајќи и ИСИН број за хартијата од вредност, доколку таков постои**

Се издаваат обични акции со ИСИН број MKMZHE101012.

**23.3.2. Опис на правата кои произлегуваат од хартиите од вредност, било какви ограничувања на правата и начинот на кој се остваруваат тие права**

Акционерите под исти услови имаат и исти права во Друштвото.

Секоја обична акција на сопственикот му дава:



ПАПАЗОСКИ И МИЦЕВ
Скопје

- Право на глас во Собранието на Друштвото;
- Право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
- Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата односно стечајната маса на Друштвото

Секоја обична акција дава право на еден глас во Собранието на Друштвото. Правото на управување е сразмерно на учеството на акциите со право на управување во сопственост на секој иматели во однос на вкупниот број на акции со право на управување.

Акционерите имаат право на учество во добивката, освен ако, според одлуката на собранието за употреба на добивката, донесена врз основа на закон и статутот, добивката е изоставена од распределба меѓу акционерите. Учеството на акционерите во добивката се определува според родот и класата на акциите. Дивиденда за секој род или класа на акции се плаќа сразмерно на сопствениците од тој род или класа акции. За начинот на исплата и висината на учеството во распределбата на добивката, на предлог на Одборот на директори на Друштвото одлучува Собранието на Друштвото.

Друштвото, по истекот на календарска деловна година, составува годишна сметка и составува и финансиски извештаи.

Собранието на друштвото одлучува за употребата на добивката според годишната сметки. Во одлуката за распоредување на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено се наведува:

- Износот од добивката за покривање на загубата од минати години (доколку таква има);
- Износите коишто се внесуваат во законските и во статутарните резерви на друштвото;
- Износот којшто се исплатува во вид на дивиденда;
- Евентуалниот пренос на добивката во наредната година, и
- Дополнителните издатоци врз основа на одлуката;

Со одлуката за распоредување на добивката не може да се вршат измени во остварената добивка на друштвото.

По одобрувањето на годишните сметки и утврдувањето на постоењето на добивка за распределба, собранието на друштвото го определува делот кој им се доделува на акционерите во форма на дивиденда. Начинот на плаќање на дивидендата ги утврдува собранието на друштвото.

Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од девет месеци по завршувањето на деловната година. Ако е потребно заради безбедноста на друштвото или за што порамномерна дивиденда, пред да се определи висината на дивидендата, собранието на друштвото може да заклучи да се образува посебна резерва.

Акционерот за дел од дивидендата што е ставена на распределба или од аконтациите врз дивидендата, може да ја добие дививендата, односно аконтацијата врз дивидендата во пари или во акции.

Понудата за плаќање на дивидендата или на аконтациите врз дивидендата во акции мора да биде направена во исто време на сите акционери.

Со одлуката на Собранието со којашто се одобрува плаќање на дивиденда се определува:

- износот на дивидендата;



Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИЦКА Скопје

- датумот на евиденција според којшто се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда и
- планот за исплата на дивидендата и денот на којшто дивидендата се исплаќа (ден на исплата) и начинот на кој друштвото ги известува лицата кои имаат право на дивиденда според донесената одлука.

Сопственикот на акциите од II-рата (втората) емисија ги стекнува сите права и обврски од акциите предвидени во законските прописи, Статутот на Друштвото и актот за нивното издавање со денот на уписот во Книгата на акции на Друштвото во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Друштвото нема издадено акции со право на откуп. Акциите од II-рата (втората) емисија не носат право на откуп од страна на Друштвото и не носат право на конверзија.

**23.3.3. Преносливост на хартиите од вредност**

Хартиите од вредност се со право на преносливост. Ново издадените обични акции се целосно преносливи, односно ќе можат да се тргуваат на секундарниот пазар.

**23.3.4. Податок за постоењето на обврска за давање на понуда за преземање (јавна понуда за откуп).**

Постоечките акции издадени од ВАБТЕК МЗТ АД Скопје се тргуваат на Македонска берза АД Скопје на сегментот Официјален пазар во подсегментот Задолжителна котација и согласно истото се применуваат одредбите од Законот за преземање на акционерски друштва.

**23.3.5. Податок за постоење на понуди за преземање (јавни понуди за откуп) на хартиите од вредност на издавачот во текот на претходната финансиска година и во текот на тековната финансиска година, заедно со податокот за цената или условите за замена на хартиите од вредност - предмет на понудата за преземање, и исходот на понудата за преземање.**

Не постојат понуди за преземање (јавни понуди за откуп) на хартиите од вредност на издавачот ВАБТЕК МЗТ АД Скопје во текот на претходната финансиска година и во текот на тековната финансиска година.

**23.3.6. Разводнување (Износот и процентот на разводнување на заработувачката по акција како резултат на понудата)**

Согласно ревидираните консолидирани финансиски извештаи за 2023 година, ВАБТЕК МЗТ АД Скопје реализираше негативен финансиски резултат. Нето загубата по акција изнесува 2.889,79 денари. Под претпоставка на 100%-на реализација на емисијата, бројот на акциите на Друштвото би се зголемил на 129.295 акции, а нето загубата по акција би изнесувала 1.794,62 денари.

## 24. РОКОВИ И УСЛОВИ НА ПОНУДАТА

### 24.1. Цена на хартиите од вредност

**24.1.1. Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени, како и начинот на утврдување на цената согласно правилата на овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор;**

Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени изнесува 3,145,00 денари по акција, како најблиску заокружен цел број во денари на износот од 51,13 ЕУР пресметан



Адвокатско друштво
ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ
Скопје

во денарска противвредност според среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија од 61,4950 денари за едно евро, објавен на денот што претходи на денот на одржувањето на Собрание на акционери, односно на 04.08.2024 година.

При запишувањето и распределбата на запишаните обични акции се применува моделот на фиксна цена со примена на принципот на приоритет на поголема количина и порано време на внес на налогот во БЕСТ системот.

**24.1.2 Податок за трошоците односно провизиите кои паѓаат на товар на запишувачот односно купувачот**

Нема никакви дополнителни трошоци, односно провизии кои паѓаат на товар на запишувачот, односно купувачот, освен провизиите за платниот промет и провизиите кои што ги наплатува секоја овластена членка на берзата, како и надоместоците согласно официјалниот тарифник на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

**24.2. Услови, рокови и потребни дејствија за запишување и уплата на хартии од вредност предмет на понудата, утврдени согласно правилата на овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор и правилата на овластен депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот;**

**24.2.1. Вкупна вредност на понудата**

Вкупната продажна вредност на емисијата изнесува 154,105,000 денари, согласно продажната цена по акција наведена во точка 24.1.1. погоре.

**24.2.2. Временскиот период во кој понудата ќе биде отворена (датум на започнување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на започнување на рокот за уплата (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за уплата (ден, месец, година) и опис на постапката на запишување и уплата на хартиите од вредност;**

Постапката на запишувањето и уплатата на акциите ќе отпочне најдоцна во рок од 30 календарски дена од денот на приемот на Одобрението за издавање на акции од страна на Комисијата за хартии од вредност.

Друштвото ќе ја објави Поканата за запишување и уплата на хартии од вредност на македонски јазик и неговото кирилско писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија на **16.06.2025** година. Истовремено, Друштвото ќе ги објави Проспектот и Поканата за запишување и уплата на хартии од вредност на интернет страницата на Македонска берза на хартии од вредност.

Датумот на започнување на рокот за запишување и уплата на акциите е 14 календарски дена по објавата на Поканата за запишување и уплата на акциите, односно на **30.06.2025** година.
Датумот на завршување на рокот за запишување и уплата на акциите е 15 дена од денот на започнувањето на запишувањето и уплатата на акциите, односно на **14.07.2025** година.

Постапката за запишување и уплата на акциите ќе се врши преку Македонската берза на хартии од вредност, а ќе се спроведе преку овластените учесници на пазарот на хартии од вредност – членки на Македонската берза на хартии од вредност и



Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИЦЕВ Скопје

Централниот депозитар за хартии од вредност, согласно важечката законска и подзаконска регулатива, Правилата за тргување на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Акциите се уплатуваат во пари, а уплатата се врши наеднаш.

При запишувањето и распределбата на запишаните обични акции се применува моделот на фиксна цена со примена на принципот на приоритет на поголема количина и порано време на внес на налогот во БЕСТ системот.

При запишувањето секој купувач пополнува уписница кој се дава истовремено со давањето на налогот за купување на хартии од вредност од јавната понуда на хартии од вредност кај овластен учесник на пазарот на хартии од вредност – членка на овластената берза и овластениот депозитар и истата има правна важност од моментот на реализирање на налогот за купување.

Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност - членка на овластената берза и овластениот депозитар на секое лице кое запишало и уплатило хартии од вредност од јавната понуда треба да му достави извештај за склучување на трансакцијата во рок од два дена по денот на склучувањето. Доставувањето на извештајот се врши на начин договорен со клиентот.

Проспектот за зголемување на основната главнина на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје со II-ра (втора) емисија на акции по пат на јавна понуда се става на располагање на сите заинтересирани лица во просториите на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност – членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје:

- Комерцијална банка АД Скопје – Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност;
- Стопанска банка АД Скопје – Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги;
- НЛБ Тутунска банка АД Скопје – Служба за услуги со хартии од вредност;
- ТТК Банка АД Скопје - Оддел за работа со хартии од вредност;
- ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје;
- ЕУРОХАУС АД Скопје;
- Илирика Инвестментс АД Скопје;
- Иново Брокер АД Скопје;
- Фершпед Брокер АД Скопје;
- Шпаркасе банка АД Скопје;
- Халк банка АД Скопје

Доколку пред истекот на рокот на запишување и уплата на акциите се запишат и уплатат 100% од понудените акции со II-рата (втората) емисија, Друштвото ќе ја прекине постапката и преку соопштение за успешно реализирана емисија ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста.

По утврдување на трансакциите, повеќе уплатените средства, по основ на повеќе уплатени акции од понудените или запишаните со јавната понуда се враќаат на купувачите на дневна основа.

**24.2.3. Процентот на успешност односно процентот на запишување и уплата на хартии од вредност за да јавната понуда се смета за успешна**

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

Јавната понуда ќе се смета за успешно завршена доколку се запишат и уплатат најмалку 60% од понудените акции со II-рата (втората) емисија.

**24.2.4. Услови за затворање на јавната понуда**

Друштвото ја затвора постапката на јавната понуда по завршување на предвидениот рок од 15 дена од денот на започнувањето на рокот за запишување и уплата на акциите, и доколку целиот износ на акции се уплатени и запишани пред истекот на 15 дена од денот на започнувањето на запишувањето.

Доколку пред истекот на рокот за запишување и уплата на акциите се запишат и уплатат 100% од понудените акции со II-рата (втората) емисија, Друштвото веднаш ќе ја затвори јавната понуда и преку соопштение за успешно реализирана емисија ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста.

**24.2.5. Опис на условите под кои јавната понуда може да се прогласи за неуспешна и начинот на кој ќе им бидат вратени средствата на инвеститорите**

Јавната понуда ќе се прогласи за неуспешна доколку во предвидениот рок не се запишат и уплатат 60% од акциите кои се предмет на јавната понуда. Доколку јавната понуда не успее, сите запишувања на обични акции се поништуваат и сите примени уплати за обични акции, зголемени за депозитна камата утврдена согласно член 2 став 1 точка 12 од Законот за хартии од вредност, се враќаат најдоцна во рок од седум дена од денот на објавување на неуспешната јавна понуда.

**24.2.6. Постапка за распределба на хартиите од вредност во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените;**

При запишувањето и распределбата на запишаните обични акции се применува моделот на фиксна цена со примена на принципот на приоритет на поголема количина и порано време на внес на налогот во БЕСТ системот.

По утврдување на трансакциите, повеќе уплатените средства, по основ на повеќе уплатени акции од понудените или запишаните со јавната понуда, се враќаат на купувачите на дневна основа.

**24.2.7. Доколку во актот за издавање на хартиите од вредност е предвидено хартиите од вредност да се продаваат во лотови се наведуваат податоците за најмалиот и/или најголемиот износ кој е може да се запише и уплати;**

Во актот за издавање не е придвидено акциите да се продаваат во лотови од повеќе од една акција.

**24.2.8. Начин на плаќање на хартиите од вредност**

Акциите се уплатуваат во пари. Плаќањето на акциите се врши во денари согласно важечката законската и подзаконската регулатива, Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје и Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Уплатата се врши наеднаш.

Средствата за купување на акциите купувачите ги уплатуваат на сметките на овластените правни лица – членки на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје. Членките на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, уплатените



Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ Скопје

средства за запишување и купување на акции од II-рата (втората) емисија, на дневна основа ги пренесуваат на посебната сметка во Комерцијална банка АД Скопје отворена за таа намена бр. **300000005266263** на која се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда.

### 24.2.9. Начин и време на настанување на правата од хартиите од вредност

Акциите кои се предмет на јавната понуда, по запишување на сметките на запишувачите во Централниот депозитар за хартии од вредност се преносливи и ги носат сите права и одговорности наведени во точка 23.3.2. во овој Проспект.

### 24.2.10. Начин и време на известување за исходот на јавната понуда

Друштвото ќе достави до Комисијата за хартии од вредност и во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија писмено известување за запишани и платени хартии од вредност од јавна понуда по истекот на рокот за реализација на јавната понуда на хартии од вредност или по запишување и уплата на 100% од понудените акции, но не подоцна од 15 календарски дена од завршувањето на јавната понуда.

По уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар и по регистрацијата на хартиите од вредност во депозитарот за хартии од вредност, Друштвото веднаш, но не подоцна од 5 (пет) работни дена од уписот на хартиите од вредност во депозитарот за хартии од вредност ќе достави до Комисијата за хартии од вредност и во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија известување за реализација на јавната понуда на хартии од вредност во форма и содржина утврдена со закон.

Известувањето за запишани и платени хартии од вредност од јавна понуда и известувањето за реализација на јавна понуда на хартии од вредност ќе бидат објавени и на интернет страницата на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, како и на интернет страницата на Друштвото.

### 24.2.11. Доколку, согласно одлуката за издавање на акциите понудата е поделена во транши односно е сегментирана на делови резервирани за одделни групи на инвеститори, проспектот ги содржи и следните податоци:

Јавната понуда не е поделена во транши, односно не е сегментирана на делови резервирани за одделни групи на инвеститори.

### 24.2.12. Во рамките на сознанијата на издавачот, податок дали доминантните акционери кај издавачот или членовите на управниот и надзорниот одбор односно одборот на директори, имаат намера да запишат од понудените хартии од вредност или некое друго лице има намера да запише повеќе од 5% од јавната понуда.

Согласно сознанијата на Друштвото, доминантниот акционер POLI S.R.L. Италија има намера да запише повеќе од 5% од II-рата (втората) емисија на акции.

### 24.2.13. Процес на известување на лицата кои запишале и уплатиле хартии од вредност за износот кој им следува

Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност – членка на овластената берза и овластениот депозитар на секое лице кое запишало и уплатило хартии од вредност од јавната понуда треба да му достави извештај за склучување на трансакцијата во рок



Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И МИЦЕВ Скопје

од два дена од денот на порамнувањето од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност. Доставувањето на извештајот се врши на начин договорен со клиентот. Сите лица кои запишале и уплатиле хартии од вредност ќе бидат официјално известени по писмен пат од страна на Друштвото за бројот на акции кој го стекнале, во рок од 7 (седум) дена од уписот на хартиите од вредност во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

**24.3. Пласман на хартиите од вредност**

**24.3.1. Податоци (назив, седиште, адреса и телефонски број) за овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор и за овластените правни лица – членки на овластената берза и овластениот депозитар и времето во кое заинтересираните лица ќе може да запишат и купат хартии од вредност;**

Запишувањето на јавно понудените акции од II-рата (втората) емисија ќе се врши преку Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, ул.Орце Николов бр.75, 1000 Скопје (тел. +389 (2) 3122 055) – овластена берза со која ВАБТЕК МЗТ АД Скопје склучи договор заведен кај Друштвото под бр.08-65 на 10.02.2025 година и заведен кај Македонска берза под бр. 03-78/1 од 30.01.2025 година.

Во продолжение се дадени податоци за овластените правни лица – членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, преку кои заинтересираните лица ќе можат да запишат и купат од јавно понудените обични акции:

| Назив и адреса | телефони |
|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје – Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност, "Орце Николов" 3, 1000 Скопје | +389(2) 3247 431<br>+389(2) 3247 440<br>+389(2) 3168 324 |
| Стопанска банка АД Скопје – Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги, ул. "11 Октомври" бр.7 – 1000 Скопје | +389(2) 3295 405<br>+389(2) 3295 406<br>+389(2) 3295 407 |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје – Служба за услуги со хартии од вредност, ул.Мајка Тереза бр.1, 1000 Скопје | +389(2) 5100 351<br>+389(2) 5100 352<br>+389(2) 5100 354<br>+389(2) 5100 357<br>+389 (2) 5100 387 |
| ТТК Банка АД Скопје – Оддел за работа со хартии од вредност, ул..„Народен фронт" бр. 19а, Скопје | +389(2) 3247 000<br>Локали:<br>495, 496, 497 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, ул."Истарска" бр.33, 1000 Скопје | +389(2) 3110 280 |
| ЕУРОХАУС АД Скопје, бул."Св.Климент Охридски" 52-а, влез1, кат2, бр.5 (зградата Аркадија),1000 Скопје | +389 (2) 3217 093<br>+389 (2) 3217 095 |
| Илирика Инвестментс АД Скопје, ул. "Св.Климент Охридски" бр.45 кат 1 локал 8, 1000 Скопје | +389 (2) 3296 853 |
| Иново Брокер АД Скопје, бул."Теодосиј Гологанов" бр.60/1-4, 1000 Скопје | +389 (2) 3120 941 |
| Шпаркасе банка АД Скопје, ул.„Македонија" бр.34 Скопје-Центар, Центар | +389 (2) 3200 785<br>+389 (2) 3200 582 |

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И ... Скопје

| | |
|---|---|
| | +389 (2) 3200 586 |
| Фершпед Брокер АД Скопје, ул."Македонија" бр.11-А, 1000 Скопје | +389 (2) 3219 310 |
| Халк банка АД Скопје, ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје | +389 (2) 3285 628<br>+389 (2) 3285 728<br>+389 (2) 3285 450 |

**24.3.2. Податок дали издавачот склучил договор со овластеното правно лице за вршење услуги со хартии од вредност за вршење трансакции и активности за сметка на издавачот потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност со задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност или без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност. Доколку обврската за задолжителен откуп не се однесува на целата емисија, да се даде изјава за делот од емисијата кој не е покриен.**

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје има склучено договор за соработка со Комерцијална банка АД Скопје за вршење на услуги со хартии од вредност за вршење трансакции и активности за сметка на Друштвото (Издавачот) потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност.

Договорот за соработка е заведен кај Комерцијална банка АД Скопје под бр.10-200-70971/1 од 19.12.2024 година.

## 25. ПРИЕМ НА КОТАЦИЈА

**Податок за тоа дали и кога издавачот ќе побара прием на котација на хартиите од вредност на овластена берза**

Постоечките акции издадени од ВАБТЕК МЗТ АД Скопје се примени за тргување на Македонска берза АД Скопје на сегментот Официјален пазар во подсегментот Задолжителна котација.

## 26. ПОДАТОЦИ ЗА ГАРАНТОТ

**Доколку исполнувањето на обврските од хартиите од вредност е гарантирано од едно или повеќе лица, задолжително се наведуваат податоци за секое од тие лица и обемот на нивната одговорност**

Емисијата нема гарант. Проспектот се однесува на емисија на обични акции во која издавачот се јавува како единствен исполнувач на обврските од хартиите од вредност.

## 27. ДОКУМЕНТИ НА РАСПОЛАГАЊЕ

**27.1. Проспектот треба да содржи Изјава дека за време на неговата важност следните документи, односно копии од истите ќе бидат на увид:**

Изјавуваме дека за време на важноста на овој Проспект следниве документи, односно копии од истите ќе бидат достапни за увид:

- Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за последните три години (2021 година – Прилог бр.1, 2022 година – Прилог бр.2 и 2023 година – Прилог бр.3);
- Неревидиран Биланс на успех за периодот 01.01 – 30.06.2024 година (Прилог бр.4);
- Неревидиран Биланс на успех за периодот 01.01 – 30.09.2024 година (Прилог бр.5);
- Пречистен текст на Статутот на издавачот (Прилог бр.6).

Адвокатско друштво ПАПАЗОСКИ И ...ШЕВ Скопје

### 27.2. Податок за местото каде може да се изврши увид во документите

Увид во документите може да се изврши во просториите на овластените правни лица – членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и членки на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, преку кои заинтересираните лица ќе можат да запишат и купат акции од II-рата (втората) емисија.

**ЗА ВАБТЕК МЗТ АД СКОПЈЕ**

Паоло Босио – Генерален директор
и Извршен член на Одбор на директори
преку полномошник Адвокатско друштво Папазоски и Мишев,
Адвокат Иван Мишев

Адвокатско друштво
ПАПАЗОСКИ И МИШЕВ
Скопје